СОДРЖИНА:

Вовед.....2

ГЛАВА 1.....5

Семејство – услови и односи.....5

1. Поимно определување на семејството.....5

1.1 Основни карактеристики на современото семејство.....7

1.1.1 Функционално и дисфункционално семејство.....9

2. Семејство – стилови на воспитување.....15

2.1 Семејството и воспитните стилови.....15

2.1.1 Стилови на семејното воспитување.....17

2.1.2 Типологија на стиловите на семејното вопитување.....18

2.1.3 Моделот „мерцедес“ за воспитните стилови во семејството од Зоран Миливојевиќ.....21

2.1.4 Содржина и варијанти на стиловите на семејното воспитување.....22

2.1.5 Воспитниот стил на родителите и социјалното однесување.....31

3. Агресивност меѓу учениците во основните училишта.....37

3.1 Определување и видови на агресивност.....37

3.1.1 Видови агресивност.....40

3.2 Причина за појава на агресивност кај учениците во основните училишта.....44

3.3 Насилно или агресивно однесување во основните училишта.....49

3.4 Можни начини за спречување или намалување на агресивноста кај учениците во основните училишта.....53

ГЛАВА 2 60

Методолошки дел.....60

2.1 Предмет на истражувањето.....60

2.2 Цел на истражувањето.....60

2.3 Задачи на истражувањето.....61

2.4 Хипотези на истражувањето.....61

2.5 Варијабли на истражувањето.....62

2.6 Методи, техники и инструменти на истражувањето.....62

2.7 Популација и примерок на истражувањето.....64

2.8 Обработка на податоци од истражувањето.....64

ГЛАВА 3.....65

Резултати од истражувањето и дискусија.....65

Квалитативна обработка на податоците.....70

Докажување на хипотези.....88

Заклучок.....89

Прилог – Скала за проценка на воспитни стилови.....91

Користена литература.....95

ВОВЕД

Семејството е незаменлива средина во која човекот се формира како личност, во која живее задоволувајќи некои од своите најважни потреби. Тоа е специфична биосоцијална заедница од луѓе, која има мошне значајна улога во развојот на секој поединец, но не само на поединецот, туку и на целокупното општество.

„*Семејството е едно од ремек-делата на природата*“ – **Џорџ Сантајана**

Во однос на претходните општествени и историски периоди, денес современото семејство поминува низ криза на сопствената перспектива. Облици на оваа криза се: економската криза, зголемениот број на разводи, слабеење на интересот за брак и семејство, пораст на насилство во семејството, трагање по нови облици за брак и семејство, усвојување на граѓански стил на живот – „да се биде сам“.

Семејството како основна клетка на првите педагошки импулси, заедно со силните емоционални врски помеѓу родителите и децата, е значаен фактор во развојот на младата личност. Во самото семејство се одвива почетната фаза од социјализацијата, па и поради тоа е толку важно.

Во услови на опаѓање на нивото на семејната сигурност, се создава негативен контекст за развој и функционирање на образовните установи, како и воспитните вредности. Посебно внимание се посветува на аспектите на депопулација, опаѓање на економската моќ на семејството, несоодветни услови на домување, пораст на насилството во образовните установи, пад на мотивацијата за вредност на училишното знаење...

„*Семејството не го сочинуваат само оние со кои сме во крвно сродство. Го сочинуваат и оние кои нè држат за рака тогаш кога тоа ни е најпотребно.*“ – **Непознат автор**

Рецесијата доведе до промени во односите во самото општество, а и негативно делува на односите помеѓу децата и родителите. Родителите трчаат по бизнис, егзистенција, а младите се препуштени сами на себе. Оттаму, кризата на семејството и кризата на општеството посредуваат во појавата, зачестеноста и манифестацијата на насилство и агресија во училиштата. Раширеноста и облиците на врсничка агресивност не се само симптоми на криза во училиштата, туку и губење на идентитетот на училиштето,

наставниците и нивната професија, но и идентитетот на учениците. Но, начинот на кој се воспитуваат децата во домот, кои вредности им се вградуваат и слично, има значително и огромно влијание врз агресивното однесување на децата, односно учениците.

Како што може да се забележи, во овој магистерски труд ќе стане збор за семејството, одосите помеѓу членовите во семејството, а посебно за воспитните стилови, и какво влијание има сето тоа врз појавата, зачестеноста, манифестните облици на агресивното однесување кај учениците од основните училишта.

Самата концепираност на магистерскиот труд се состои од теоретски и истражувачки дел. Во теоретскиот дел ќе бидат објаснети повеќе поими кои се однесуваат на семејството (воспитните стилови), како и поими кои се однесуваат на развојниот период на учениците од основно образование и причините кои доведуваат до појава на агресивно однесување кај нив.

Клучни зборови: семејство, семејни односи, воспитни стилови, основно образование, агресивност кај учениците

ГЛАВА 1

СЕМЕЈСТВО – УСЛОВИ И ОДНОСИ

1. Поимно определување на семејството

Денес поврзаноста на семејството со социјалниот развој на личноста, со сите свои позитивни и негативни страни на социјалното однесување на човекот, сè повеќе се актуелизираат. Влијаејќи врз структурата на личноста, слободно можеме да кажеме дека семејството посредно ги определува дури и општествените односи и динамика, и обратно - општествената динамика влијае врз структурата и функцијата на семејството.

Општата дефиниција за семејството гласи: „*Група од индивидуи обединети со крвно сродство или врз основа на брачни врски, во која поединците живеат заедно. Во здравото семејство владее грижа за другите членови и алтруизам*“.

Во Педагошката енциклопедија во редакција на Никола Поткоњак и Перо Шимлеша, за семејството се вели: „*Семејството во себе обединува бројни и различни страни и карактеристики на човековиот живот во општеството. Биосоцијалните фактори условуваат специфичности на овој вид човечко и општествено групирање, што се изразува во структурални, функционални, релациони и динамични карактеристики на семејството*“[1].

Во семејството се создаваат темелите на физичкото, интелектуалното, моралното, работното и естетското воспитување, во него се формира личноста која ќе живее и работи во одредено општество, а бракот е институција која природно и општествено му претходи на семејството. Слободно можеме да кажеме дека семејството како биосоцијална единица не настанува само според општествените законитости, правила и конвенции, туку и според биолошките закони за репродукција и врз основа на крвните врски помеѓу членовите кои го сочинуваат.

Семејството е примарна, парцијална и универзална општествена група:

- примарна затоа што историски е прв облик на општествено групирање;

[1] Педагошка енциклопедија, 1989, Белград, стр. 219

- парцијална бидејќи во него се остваруваат само некои животни функции – биолошко-репродуктивна и воспитна;
- универзална затоа што не постои друг облик на семејно организирање.

Уште за време на родовското уредување постоело пренесување на искуствата од постарите во родот кон помалите – децата, иако во тоа време семејствата структурно не биле ниту слични на сегашните. Средновековното семејство не пренесувало вредности, знаења или, уште полошо, не ги социјализирало децата. Семејството било затворена заедница, доволна самата на себе и колку повеќе членови броела, толку подобро опстојувала.

Во периодот на хуманизмот и ренесансата – 16 и 17 век, доаѓа до напредок во сфаќањата за улогата на семејството. Родителите во овој период се грижеле за развојот и воспитанието на своите деца, самостојно или со помош на педагози. Преку семејниот живот и блискоста со родителите, децата и понатаму биле во тек со сите семејни и општествени случувања, но за разлика од средновековието, овој пат од нив се очекувало вклучување согласно нивните можности.

Современото семејство се раѓало постепено во процесот на настанување на капиталистичкото општество и индустриската револуција и се формирало под влијание на индустрализацијата, урбанизацијата и општиот технички прогрес. Модерното семејство е резултат на сеопштата индустријализација на општеството, која најпрво ги зафатила западноевропските земји, а потоа се проширила на голем дел од современите општества. Од производствено семејство се трансформирало во потрошувачка општествена група. Така, во современото семејство се воочува следното:

- автономија во однос на останатите области од животот и работата, повисок степен на слобода на членовите и нивната сè поизразена рамноправност;
- слабеење на семејната солидарност и поврзаност на нејзините членови и јакнење на индивидуализмот, егоизмот и патологијата.

Од друга страна, современото семејство главно го има усвоено современиот научен поглед на светот, отворено е кон општеството, неговите членови се многу активни во општествениот живот и настојуваат да ги усогласат личните интереси со заедничките. Но денешното семејство претрпува структурни и функционални промени предизвикани од рапидниот општествено-економски развој, како и од развојот на науката, техниката и

пазарното стопанство. Промените зафаќаат повеќе аспекти од семејната заедница, коишто директно или индиректно влијаат врз квалитетот на семејното воспитание:

- семејните односи (интеракциите, комуникацијата);
- статусот на членовите во семејството;
- организацијата на животот во семејството;
- видот и примената на воспитните мерки како намерни влијанија врз детето/ученикот;
- видот на ненамерните влијанија врз детето/ученикот во семејството (бројот и видот на членови, број на деца и сл.);
- губењето или измената на определени функции на семејството итн.

1.1 ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОВРЕМЕНОТО СЕМЕЈСТВО

За да се разбере што претставува современото демократско семејство, ќе изнесеме некои најзначајни правила:

- Од економски аспект, современото семејство претставува, по правило, семејна група која нема свои средства за производство, туку работи со туѓи средства и за други;
- Од историско-социолошки аспект, тоа претставува една етапа во развојот за која се карактеристични следните обележја:
  - семејството го сочинува брачен пар и малолетни, односно за работа неспособни деца (двогенерациско семејство);
  - бракот или вонбрачната заедница е основа за засновање на семејството (сопружничко семејство);
  - бројот на неговите членови е сведен на минимум, односно на биолошка група (биолошко, мало, нуклеарно семејство);
  - семејството расте во услови на голема урбанизација и индустријализација (индустриско семејство);
  - семејството се потпира на емоционални врски и фактичка рамноправност на сопружниците (егалитарно семејство).

- Од правен аспект, семејството се потпира на: правна еднаквост помеѓу сопружниците (иако тоа не е случај во сите земји) и на правна заштита на семејството како целина и посебна заштита на некои негови членови – жената и децата;
- Од социјално-политичко стојалиште, современото семејство претставува тип на општествено (односно државно) високо заштитено семејство: социјално осигурување, здравствено осигурување, социјална заштита на разни нивоа и друго.

Слабеењето на нуклеарниот облик на семејството и сè позачестената појава на различни партнерски и семејни облици се глобален тренд. Трансформацијата на семејството не значи негово пропаѓање, исчезнување како општествена група, без оглед на различните партнерски и семејни облици во современото општество, врските меѓу партнерите се универзални, како и облиците на заеднички живот, интимноста, сексуалните и емоционалните врски, а сè повеќе луѓе преферираат неформални врски, но и понатаму постои желба со некого да се живее во пар.

Семејството како општествена група и институција не ја изгуби смислата на своите функции и должности. Сè поголемата разноликост на семејните облици отсликува една нова стварност за самостоен избор и сè поголема толеранција, па ни семејството повеќе не мора нужно да биде нуклеарно. Како систем, семејството претставува организирана, трајна, самообновувачка целина со променливи или сменети обрасци на однесување. Тоа е целина чии делови се наоѓаат во интеракција и претставува многу повеќе од едноставен збир на сите членови. Во овој процес значајна улога имаат семејните правила и вредности кои се негуваат во самото семејство. Комуникацијата е процес кој го одредува начинот на кој се применуваат семејните правила. Пораките кои децата ги добиваат од своите родители се силен организатор на семејниот живот. Емоционалната поврзаност се однесува на карактеристичниот тип на меѓусебното емоционално учество и интересирања на членовите на семејството.

Поставувањето на граници е особина на секој систем. Со тоа се ограничува просторната, временската и емоционалната територија на односи во семејството и ги означува правилата, како и на кој начин учествуваат во семејниот живот. Пропустливоста на семејните граници го одредува начинот на кој семејството ги допушта промените. Оттаму, семејните системи со премногу затворени граници најчесто имаат вмрежени

семејни односи и немаат способност за прифаќање на промените кои доаѓаат однадвор, имаат некритичко прифаќање на промените, со што се загрозува специфичниот семеен идентитет. Карактеристика на семејства со вакви граници е незаинтересираност и меѓусебна неповрзаност на членовите. Ваквите граници обликуваат дисфункционални обрасци на семејни односи. Семејните системи кои се ограничени со јасни попустливи граници ја негуваат наследната култура, а истовремено се чувствителни и на стекнатата култура. Тие имаат капацитет за прифаќање на промените кои им обезбедуваат развој, без загрозување на семејниот идентитет. Ваквите граници обезбедуваат функционалност на семејниот систем.

1.1.1 Функционално и дисфункционално семејство

Не е можно со чиста аналогија да се дојде до конечна дефиниција за функционално семејство, бидејќи проценката дали семејството е функционално или дисфункционално зависи од целите кои семејството си ги поставува, системот на вредности, животниот циклус и задоволувањето на економските и културните потреби.

Функционалното, нормално или здраво семејство можеме да го набљудуваме како социјална конструкција која ја одредуваат постојани промени, гледишта за трансформација и семејство во светот, кој исто така константно се менува. Покрај тоа, врз гледањето на овој поим влијаат и нашите лични искуства, јазикот и професионалната ориентација, па затоа е јасно дека функционалното семејство зависи и од односите кои постојат помеѓу членовите на семејството, но и односите помеѓу семејството и општеството.

Функционалното семејство е заедница во која постои чувство на припадност и солидарност, постоење на подготвеност на оние кои стапуваат во таква заедница да исполнуваат и меѓусебно да ги задоволуваат важните човечки потреби - блискост, доверба, соработка, а не само да остваруваат конкретни цели – репродукција, економска сигурност или стекнување на општествена положба. Функционалното семејство има флексибилна структурна моќ со поделба на авторитетот, со јасни семејни правила, ненарушени генерациски граници и стил кој поттикнува здружување. Членовите на семејството имаат своја индивидуалност и способност да ја одредат блискоста и

дистанцата, можат да поднесат несогласување и неизвесност, слободно и спонтано комуницирање, прифаќање на различностите и чувствителноста на другите, а за конфликтите се зборува отворено и проблемите се идентификуваат и решаваат.

Имајќи ги предвид различните сфаќања и дефиниции за функционално семејство, може да се идентификуваат четири главни концепта во дефинирањето на нормалноста на семејството:

1. **Нормално семејство како асимптоматско (нормалност како здравје)** е она во кое нема симптоми или пореметувања кај ниту еден член од семејството.
2. **Нормално семејство како просечно (нормалноста како просечност)**.
3. **Нормално семејство како оптимално (нормалноста како оптималност)** – обрасците кои се оптимални за едно семејство, не мора да одговараат на стандардите за иделано во дадената средина, што не значи дека тоа семејство не е функционално.
4. **Нормално семејство – нормални семејни односи (нормалноста како процес)** – овој пристап нормалноста на семејството ја дефинира преку нормалноста на семејните процеси и за нормалното семејство не се размислува како за непроменлив, безвременски ентитет.

Нормалното функционирање на семејството е процес кој се одвива низ времето во одреден социо-културен контекст и со кој низ развојните интеракции се остваруваат основните задачи на семејството. Таквото функционално семејство го карактеризираат:

- поврзаност на членовите во заедница која ја карактеризира заемен однос на доверба, блискост, меѓусебна грижа и поддршка;
- рамнотежа помеѓу автономијата и заемноста, опкружувањето во кое постои уважување на индивидуалноста и интимноста;
- нега, социјализација на децата и грижа за останатите ранливи членови на семејството;
- организациона стабилност со јасни улоги и граници;
- адаптибилност, капацитет за промени, односно флексибилност во однос на внатрешните и надворешните потреби за промена и ефикасно надминување на стресните ситуации;
- отворена, јасна и топла комуникација;

- ефикасно и креативно решавање на проблемите со преговори и способност да се користи широк спектар на однесувања и стратегии во разрешувањето на конфликтите;
- општоприфатен систем на верувања, кој овозможува доверба и поврзаност за минатите и идните генерации;
- етички вредности;
- адекватни ресурси за основна економска сигурност и психосоцијална поддршка преку мрежа од проширено семејство и пријатели, заедницата и широките општествени системи.

Ако тргнеме од стојалиштето дека секоја промена во текот на животниот циклус на едно семејство носи стрес, тогаш дисфункционално семејство претставува она кое не е во состојба да се прилагоди на новонастанатите услови и кое не може да се соочи со стресот без поголеми последици. Улогите во дисфункционалното семејство не се јасно одредени, па често децата ги преземаат родителските улоги. Комуникацијата е нејасна, конфузна и контрадикторна, пораките не се слушаат или не се прифаќаат и постои само минимална вербална размена со чести мистификации. Некои од симптомите кои се јавуваат во дисфункционалните семејства се:

- недостаток на емпатија, разбирање и сензибилност спрема одредени членови во семејството, додека од друга страна, постои изразување на екстремна емпатија спрема еден или повеќе членови на семејството кои имаат посебен статус;
- одрекување, односно одбивање да се признае постоење на непосакувано однесување;
- неадекватни или непостоечки лични граници;
- непочитување на туѓите граници;
- крајност во конфликтите;
- нееднаков и неправеден однос спрема еден или повеќе членови од семејството поради нивниот пол, старост, способност, економски статус итн.;
- високо ниво на љубомора и други контролирани однесувања;
- разведени или раздвоени родители во постојан конфликт или родители кои требало да се раздвојат, но не го направиле тоа;
- недостаток на време поминато заедно;

- неприфатливо сексуално однесување;
- децата се плашат да зборуваат за она што се случува дома, или на кој било друг начин чувствуваат страв од своите родители;
- членовите на семејството не се признаваат меѓусебно и/или одбиваат да бидат видени заедно во јавноста.

Важно е да се нагласи дека дисфункционалните обрасци на едно ниво можат да бидат дисфункционални и за второто ниво (за децата). Доколку ги вклучиме и пошироките социјални системи, можеме да ја утврдиме и нивната дисфункционалност во однос на семејството (на пример, училиштето), па затоа интервенцијата понекогаш е потребно да се упати не само на семејството, туку и на пошироките системи кои можат да бидат извор на дисфункционалноста.

Во контекст на функционалноста и/или дисфункционалноста на семејството, односите и условите кои владеат во него, ќе ги споменеме и основните функции на современото семејство. Во литературата најчесто споменувани се следните пет функции на семејството:

1. Социјална, биолошко-сексуална и емотивна функција;
2. Репродуктивна функција;
3. Економска функција;
4. Функција на пружање заштита;
5. Воспитна и образовна функција.

Социјалната функција на семејството е насочена кон постигнување заштита, воспитување и социјализација на децата. Од голема важност е социјализаторската улога на семејството бидејќи во текот на животот во неа се формираат социјалните компоненти на личноста, како што се психичките и моралните особини, а исто така се врши подготовка на членот на семејството да се вклопи во општествениот живот и да ги извршува на прифатлив начин општествените улоги.

Функцијата на задоволување на половиот нагон добива свој најцелосен израз токму во современото семејство, со што **сексуалната функција** потполно се издвојува од репродуктивната. Основна цел на бракот често не се децата, туку задоволувањето на најинтимните желби на двајцата сопружника. Семејството не се заснова со кого било, туку со оној кој се сака и кој може да го исполни животот со радости. Бракот се склучува од

љубов и врз тоа се одржува, а престанокот на постоење љубов често доведува до распаѓање на семејството. **Емотивната функција** укажува и на изменетиот однос на родителите, а посебно на таткото спрема децата. Детето повеќе не е средство за продолжување на видот и за зачувување на семејниот имот, тоа станува центар на семејството и затоа е точно што некој новиот век го нарекол *век на детето*. Многу често се истакнува дека на детето му е потребно семејството, а не детето на семејството. Меѓутоа, на детето не му е потребно какво било семејство, туку само она кое ќе му пружи нормални услови за развој. Обратно, семејството каде што не постои потребната љубов, внимание и почитување, може на детето да му нанесе ненадоместлива штета. Од друга страна, претераната љубов на семејството кон детето има свои негативни последици, па децата на кои им е посветувано премногу внимание често стануваат семеен и општествен проблем.

Поимањето на семејството според неговата **репродуктивна функција** се изразува низ две варијации: одржување на човековиот род и негово воведување во општествено-културниот живот.

Во современото семејство дошло до значајна преобразба на **економската функција**. Семејството нема средства за производство, туку зависи исклучиво од платите и заработката надвор од семејството. Приходите во семејството играат значајна улога во неговата стабилност, при што семејството е насочено кон пораст на животниот стандард и семејниот буџет. Невработеноста или слабата плата доведуваат до раздор во семејството. Објективните економски тешкотии и економскиот стрес доведуваат до разорување во бракот и семејството, како место за емоционална поддршка и сигурност. Последиците од тоа се намалување на квалитетот на бракот, намалена контрола над секојдневните животни текови и развој на децата, што неретко доведува до непочитување помеѓу членовите на семејството и развивање на негативна атмосфера, што конечно, може да го загрози целиот семеен систем и егзистенција на семејството. За жал, сè поизразен е трендот на развод на бракот и распаѓање на семејството, како и конфликти помеѓу членовите на семејството.

Во современото општество **функцијата на пружање заштита во семејството** сè повеќе исчезнува, но не целосно. Сигурно е дека сите облици на семејна заштита уште долго нема да исчезнат, а тоа се во прв ред: биолошката, природна заштита (подигнување,

негување и чување на децата), моралната заштита (помагање, семејна солидарност и поддршка), правната заштита (застапување) и економската заштита (издржување и наследување).

Воспитна и образовна функција на семејството – првиот контакт на детето со надворешниот свет е преку семејството. Според ова, семејството се определува и како едукативна институција. Според Наталија Витас, „семејството е прв и најприроден воспитувач на детето“. Под поимот социјализација најчесто се подразбира процес на учење во текот на кој детето ги прифаќа правилата на игра кои се прифатливи во општеството, чувството на вредност за навиките и однесувањето, така што подоцна со разбирање ќе може активно да соработува во својата општествена околина. Социјализацијата е мошне сложен процес, кој плански и систематски го спроведува семејството, предучилишните и училишните установи и општествената заедница и со помош на кој процес децата се оспособуваат за понатамошен живот во социјалната заедница. Основната цел на процесот на социјализација е новите членови на општеството по пат на учење и интеракција со родителите, воспитувачите, наставниците и личностите од културниот и јавниот живот, како и со поединците од нивната околина, да го научат оној тип на однесување и меѓучовечки односи кои се карактеристични за дадената култура, со можност за адаптација на животната средина и нејзините услови. Во текот на животот, пред сè по пат на школувањето, детето развива критичко и самокритичко мислење, што му помага во градењето на сопствен став и размислување. Задача на семејството е да го навикне детето на работа и примерно однесување, како и да му овозможи на детето контакт со врсниците, повозрасните, да го научи на односи во општеството и на она што е морално и добро. Но се случува родителите и децата да не се придржуваат до исти морални норми. Во тој случај семејниот систем не е добро интегриран и доаѓа до однесување кое може да се претвори во девијантно или во деликвентно. Ако дојде до ваква состојба, семејството не ги исполнило очекувањата во улога на воспитувач, па во тој случај неопходна е интервенција од страна на државата заради заштита на интересите на детето.

2. СЕМЕЈСТВО – СТИЛОВИ НА ВОСПИТУВАЊЕ

Не можеме да говориме за воспитниот стил на родителите, а притоа да не се задржиме на некои карактеристики на социјализацијата. Ако воспитанието е насочен и целесообразен процес, во кој низ активност, самоактивност и интеракција, се развиваат индивидуалните и социјалните компоненти на личноста, социјализацијата претставува процес на усвојување на специфични општествено-културни вредности, норми и правила од страна на единката. Воспитниот процес влијае врз социјализацијата, како значаен аспект од развојот на детската личност.



2.1 СЕМЕЈСТВОТО И ВОСПИТНИТЕ СТИЛОВИ

Семејството има многу значајни воспитни задачи кои можат успешно да се остварат доколку за тоа постојат следните услови:

- ментална и морална зрелост на родителите и нивна подготвеност, како и одредена способност да се занимаваат со воспитниот процес;
- емоционална поврзаност на детето со родителите и другите членови од семејството;
- ускладени односи помеѓу членовите на семејството, меѓусебна поврзаност и можност со заемна соработка да ги решаваат семејните проблеми;
- применување на такви методи во воспитувањето кои произлегуваат од внатрешната диспозиција на детето, оставање на доволно простор за слободно определување и развивање на самостојност.

Во социјалното однесување на децата голема улога има целокупната семејна клима, односно семејните односи во сите релации. Оттаму, воспитниот стил на родителот е континуиран и постојан процес, кој самиот по себе ја одразува целокупната воспитна клима во семејството. Во зависност на поставеноста на семејството и односите, ќе зависи и стилот на воспитување кој семејството го прифатило. Градејќи го воспитниот стил кон детето, родителот ја гради целокупната воспитна клима во семејството, и обратно.

Стилот на семејното воспитување има нешто потесно значење од поимот воспитен стил. Стилот на воспитување го применуваат воспитувачите, наставниците, професорите, тренерите, рехабилитаторите и останатите поединци кои се занимаваат со воспитување на деца и млади. Воспитниот стил или стилот на воспитување во семејството од кој било вид го остваруваат родителите, старателите или одговорните возрасни лица со кои детето воспоставува соодветен емоционален однос, без оглед на крвното сродство и пол.

Постојат поголем број на дефиниции за стилот на воспитување, па така тој претставува: „одреден, посебен и својствен со личноста на воспитувачот обележан начин на постапување при секојдневната практична воспитна работа со деца и млади, кој им овозможува при раководењето со воспитниот процес успешно да ги остваруваат дадените задачи“. Стилот на воспитување е условен од некои важни карактеристики на личноста на човекот како воспитувач, неговата лична и педагошка култура, мотивите кои го движат кон активност и цел еден комплекс од останати активности, воспитни стилови и можности за работа. Стилот на воспитната работа се формира, изградува и усовршува врз основа на усвоена животна филозофија и поглед на светот[2].

Ваквото поимно определеување ги опфаќа основните компоненти на стилот на воспитување, но тука тој се поистоветува со начинот на постапување, односно постапките и методите кои се користат при воспитувањето, така што таквото определување не може во целост да се прифати. Така, под поимот стил на воспитување се подразбира „карактеристичен начин на однесување помеѓу учесниците во воспитниот процес; условен е од филозофијата на воспитување и карактеристиките на институционалниот контекст, кој ги одржува разликите и промените во начинот на употреба на комплексот од флексибилност“ (Богоевиќ, 2002, стр.104).

[2] Педагошки речник, 1967, стр. 409

Во педагошко – лексикографска литература стилот на воспитување се одредува и како збир од дистинктивни црти карактеристични за воспитно-образовниот процес, кој се одвива во социјална насока помеѓу различните актери – родители, воспитувачи, деца. Од една страна, воспитниот стил зависи од воспитната филозофија на воспитувачот, наставникот, родителите, а од друга страна, одреден е од она што го одликува воспитниот процес и кој секогаш не мора да биде стриктно од педагошка природа. Токму поради тоа, стилот на воспитување се поврзува со културата или поткултурата на која ѝ припаѓаат учесниците во воспитниот процес[3].

Суштината на стилот на воспитување не може да се сведе само на цртите карактеристични за воспитно-образовниот процес. Така, издвојувајќи ги и поврзувајќи ги педагошко-психолошките прифатливи компоненти на самиот стил на воспитување, може да кажеме дека стилот на воспитување е збир од применувани активности, однесување, односи, средства, вредности, влијанија и останати елементи од воспитно-образовниот процес детерминиран од воспитната филозофија, во склоп со особините на личноста и педагошката образованост на воспитувачот, наставникот, родителите, тренерот, рехабилитаторот..., и индивидуалните карактеристики на воспитаникот (детето, ученикот, младата личност), и самите обележја на социјално-културниот контекст.

2.1.1 Стилот на семејното воспитување

Постојат различни авторски и лексикографско-педагошки дефиниции за стилот на семејното воспитување, односно воспитувањето на децата и младите во семејството, воспитното делување на родителите, старателите или други лица за кои детето е емотивно врзано[4].

Стилот на семејното воспитување подразбира релативно доследни начини на однесување на родителите, со кои се воспоставуваат вкупните односи со децата. Ваквото одредување не е целосно бидејќи стилот на семејното воспитување се сведува само на однесувањето на родителите, а се занемарува интеракцијата, комуникацијата, средствата, динамиката, ефектите и останатите компоненти од семејното воспитување. Во помала мерка е прифатливо поимањето на стилот на семејното воспитување како став кој

[3] Педагошки лексикон, 1996, стр.481
[4] www.skole.hr – постирано на 29.04.2008

родителите го имаат или го заземаат при воспитувањето на своите деца, кога и како ги користат казните, кое однесување и како ќе го поддржуваат, а кое ќе го забрануваат, како и дали детето ќе биде во центарот на вниманието во семејството или не. Тука стилот на семејното воспитување се ограничува само на ставот на родителите, на некои средства за воспитување, како што се: казна, награда, забрана, поддршка и слично, и на положбата на детето во семејството.

Слична дефиниција за стилот на семејното воспитување е онаа каде се истакнува дека тоа е збир од ставови на родителите спрема детето, како емоционална клима во која се одвиваат различни родителски постапки. Но стилот на семејното воспитување не може да се сведе само на овие негови елементи.

Во стилот на семејното воспитување се апострофираат различни техники на дисциплинирање – казнување, наградување, ускратување или пружање на љубов, зависно од различни фактори, како што се: традицијата, наследството, обичаите, културата, личноста на родителот и толерантноста, односно општествените средства – пофалба и награда, критики и казни, потреби и побарувања. Сепак, истакнатите средства на воспитување и нивната комбинација не се единствени сегменти на стилот на семејното воспитување.

Од сето предходно кажано, може да се заклучи дека стилот на семејното воспитување претставува целокупност од карактеристични однесувања, средства, комуникација, односи, емоции, влијанија и останати меѓузависни поврзани компоненти од воспитниот процес условен од воспитната филозофија, надополнето со карактеристиките на личноста и педагошката култура на родителите, старателите, возраста и индивидуалните карактеристики на детето или ученикот и важните обележја на семејниот и општествениот контекст.

2.1.2 Типологија на стиловите на семејното воспитување

Поаѓајќи од различни критериуми, различни автори, било да се теоретичари, истражувачи или стручни лица од разни профили, имаат образложено и различни типологии на стилови на стилови на семејно или родителско воспитување, што може да се забележи во следниот табеларен преглед:

Табела 1: Типологија на стиловите на семејно или родителско воспитување

Автор	**Критериуми за класификација**	**Стилови на родителско или семејно воспитување**
1. Дајана Баумринд, 1971	- две клучни димензии на родителството: 1. Емоционална топлина и родителско разбирање и 2. Родителски барања и контрола	- три стила на родителско или семејно воспитување: 1. *Авторитарен*, 2. *Авторативен и* 3. *Попустлив*
2. Мекаби и Мартин, 1983	- комбинација, вкрстување на четирите пола од истите претходно наведени спротивни димензии на родителско однесување	- 4 стила на родителско или семејно воспитување: 1. *Авторитативен*, 2. *Авторитарен*, 3. *Пермисиван и* 4. *Занемарувачки*
3.Матејевиќ, 2000	- вкрстување на две дихотомни димензии: 1. Прифаќање – љубов, блискост, топли чувства; Одбивање – непријателство, оддалеченост, ладни чувства и 2. Контрола - автономија	- pet stilova vaspitanja: I *autoritaran* – 1. Ладно - ограничувачки, 2. Топло – ограничувачки или либерален; 3. Ладно - попустлив, 4. Топло – попустлив или демократски
4. Богоевиќ, 2002	- вкрстување на две димензии во дихотомијата: 1. Контрола на положбата (експлицитен авторитет) наспроти контрола на личноста (имлицитен авторитет), 2. Интеракциона доминантност на релација толерантност - нетолерантност	- Четири стила на воспитување: 1. *Демократски* (контрола на положбата и толерантност), 2. *Авторитарен* (контрола на положбата и нетолерантност), 3. *Манипулативен* (контрола на личноста и нетолерантност) и *4.Конгруентен* (контрола на личноста и толерантност)
5. Миливојевиќ и соработници, 2007	- три димензии: 1. Пофалба и награда (воспитни средства кои поттикнуваат добро однесување),	- шест родителски стилови: 1. *Оптимален*, 2. *Социјализаторски*, 3. *Размазувачки*,

	2. Казнување и критикување (средства за спречување) и 3. Барања и родителски очекувања	4. *Презаштитнички*, 5. *Занемарувачки*, и 6. *Злоставувавчки*;
6. Шиндиќ, 2009	- две основни димензии: 1. условно-безусловно внимание, односно љубов која родителот ја пружа и 2. Удобност, позитивно внимание	- девет форми од воспитни стилови поделени во три групи: Прва група – недоволно социјализирачки стил на воспитување (недостаток на адекватно условено внимание, љубов) со четири форми: 1. Занемарувачки или индифирентен стил, 2. Злоставувачки, 3. Пермисивен, 4. Презаштитнички, Втора група – оптимално социјализирачки стил (условено внимание и позитивно безусловно внимание, љубов рамноправно застапена) со формите: 5. Демократски стил, 6. Врамнотежен стил на воспитување и 7. Конгруентен стил, Трета група – претерано социјализирачки стил на воспитување со формите: 8. Социјално зависнички и 9. Манипулативен стил на воспитување

Врз основа на ваквата типологија, во рамките на семејната педагогија е дадена уште една поделба или класификација на стиловите на семејно или родителско воспитување, кое е прикажано во следната табела.

Табела 2: Поделба на воспитните стилови во семејството

Критериуми за класификација	**Стил на семејно воспитување**	**Варијанти на стилот**
- Димензии: 1. Емотивно прифаќање – емотивно одбивање, 2. Контрола – автономија	I *демократски*	1. Конгруентен, 2. Врамнотежен и 3. Манипулативен
3. Социјално – зависнички 4. Злоставувачки 5. Презаштитнички	II *автократски*	
6. Занемарувачки 7. Размазен	III *индолентен*	

2.1.3 Моделот „мерцедес“ за воспитните стилови во семејството од Зоран Миливојевиќ

Врз основа на своето психотерапевтско искуство, психологот Зоран Миливојевиќ[5] во 1996 година обликувал и презентирал шест стила на семејно или родителско воспитување во рамките на својот т.н. „МЕРЦЕДЕС“ модел. Влијанието на воспитниот стил се гледа во поттикнувањето на социјализацијата и осамостојувањето на детето, а тоа зависи од застапеноста во самиот воспитен стил на следните три димензии: 1. Пофалба и награда; 2. Критика и казна; и 3. Родителските барања.

Како е претставен „мерцедес моделот“? Секоја од горенаведените димензии е претставена со еден краток крак во кружен визуелен „мерцедес“ модел. Должината на секој крак ја означува количината на она што во таа димензија е претставено, односно тоа се самите димензии (родителски барања, пофалба и награда, критика и казна). Кога би претставиле едно идеално воспитување, тогаш сите три крака би биле со еднаква должина, при што цртежот потсетува на знакот од познатата марка автомобили мерцедес, поради што и го добил самото име. Тоа би значело дека идеалните родители во приближно иста

[5] Зоран Миливојевиќ е српски психотерапевт кој посебно работел на развивање на трансакционата анализа како психотерапевтски правец. Го развил „мерцедес моделот“ кој е опишан во книгата „Мала книга за големи родители“ (2004), а во која ја засновал формулата љубов + дисциплина = оптимално воспитување, а чии основи се дадени во неговата книга „Родителствување“ (2017)

мерка би го фалеле и наградувале своето дете, но и би го критикувале и казнувале, а со тоа детето би добило приближно иста количина на барања.

Миливојевиќ и неговите соработници се уверile во текот на нивната психотерапевтска работа со родителите дека „мерцедес“ моделот јасно и визуелно го прикажува меѓусебниот однос на родителските функции. Родителот само со еден поглед на моделот може да ја увиди неурамнотеженоста, а со тоа и постоењето на некое пореметување или проблем во стилот на родителското воспитување, што пак може да доведе до формирање на недоволно општествено адаптирано дете, кое подоцна или во дадениот момент во училиште ќе покаже агресивно однесување. Овој модел во семејната педагогија укажал на важноста на релациите помеѓу средствата за воспитување и на негативните последици од нивната диспропорција. Моделот би можел да се користи и во основното педагошко образование на родителите кога се стремиме кон подобрување на нивниот стил на воспитување.

Со постигнување или достигнување на еден оптимален стил на воспитување на родителите, се постигнува придонес во формирањето на едно социјализирано дете, без нарушување во неговото однесување, кое би значело и појава на агресивност. Значи, тоа е она дете кое во доволна мера ги прифаќа социјалните норми и правила, а кое притоа ја има сочувано природноста, спонтаноста и интегритетот на својата личност. Социјализираното дете ги има сите потенцијали да израсне во една здрава и креативна личност која е доволно вклопена во заедницата и општеството. Ваквото дете ќе има доволно развиени работни навики, што ќе му обезбеди долгорочен успех во животот.

Воспитниот стил претставува начин или постапки според кои родителите ги воспитуваат своите деца. Тие се разликуваат според степенот на присутност на елементите на родителството. Елементи на родителството се прифаќање и контрола. Под прифаќање се подразбира топлина и блискост на родителите спрема децата, труд на родителите децата да се развиваат во зрели и здрави личности. Под контрола се подразбира поставување на граници на детето и карактеристики на тие граници – слаби или ригидни.

2.1.4 Содржина и варијанти на стиловите на семејното воспитување

Воспитниот стил претставува одраз на личноста на родителот од една страна, и општествено-културните влијанија од друга страна. Тој е склоп на намерни и спонтани постапки кои родителот ги применува во своите влијанија врз развојот на своето дете. Стилот на воспитување е воспитна постапка која се применува во текот на социјализацијата во семејството. Тој е доследен, но не и непроменлив. Во литературата се сретнуваат различни типологии на воспитни стилови или стилови на однесување на родителите во интеракција со децата, но ние тука ќе се задржиме на следните три воспитни стилови во семејството:

1. Автократски стил
2. Демократски стил и
3. Индолентен или анархичен воспитен стил.

Во рамките на секој од овие стилови се одредени варијанти, чија суштина ќе ја прикажеме во продолжение.

Автократскиот воспитен стил уште се нарекува авторитарен или авторитативен или ригиден воспитен стил (висока контрола, ниско прифаќање). Според етимолошкото значење на терминот, се означува неограничена власт и моќ, што всушност е манифестно однесување на родителите од овој воспитен стил. Овој стил се карактеризира со строгост, рестриктивност во однесувањето, потоа со чести казнувања за евентуални грешки од страна на децата, а родителите сами носат одлуки бидејќи немаат доверба во детето. Родителите бараат беспрекорна послушност од детето, при што детето е послушно само во нивно присуство, а штом тие се завртат, законот повеќе не постои. Родителите кои го преферираат овој воспитен стил имаат строг однос кон децата и немаат слух за нивните потреби. Личноста на детето во ова семејство не е почитувана, со што кај нив постепено се задушува и природниот потенцијал за креативен однос кон животот воопшто. Децата чии родители се од автократски тип стануваат интровертни, без иницијатива и со големо нетрпение кон сè што ги опкружува. Овие деца градат недоверба кон самите себе си, која подоцна во животот се проектира во недоверба кон целокупната околина. Нивната слика за себе најчесто не соодветствува на реалните карактеристики на нивната личност, што развојот на децата го води кон две насоки: тие или стануваат агресивни и насилни, без

чувство за туѓите емоции, или се повлекуваат во себе не можејќи да воспостават комуникација со опкружувањето.

Автократскиот воспитен стил ги има следните обележја:

- Во ладна семејна клима доминира едно нелагодно условно внимание, а недостасува безусловната љубов на родителите спрема децата;
- Родителите се целосно надредени над детето, имаат крут, строг авторитет, а детето се наоѓа во потчинета и зависна положба;
- Односите помеѓу родителите и детето најчесто се автократски, недоверливи, нерамноправни, и се одвиваат на релација победник – губитник;
- Преовладува најчесто еднонасочна, исклучиво насилна вербална и невербална комуникација;
- Доминираат репресивни мерки, како што се: чести укори, закани, казни, а очекувањата се превисоки, како и потребите на родителите спрема детето;
- Детето поради честите омаловажувања, понижувања и отфрлувања се чувствува несакано, па не успева да развие самодоверба и самопочитување.

Главни форми на автократскиот воспитен стил се социјално зависничкиот стил, злоставувачкиот стил и презаштитничкиот стил.

Социјално зависничкиот воспитен стил се карактеризира со: преголема условена љубов и внимание, односно емоционално ладен воспитен стил; родителите се строги и крути, рефлексивни, емотивно дистанцирани; превисоки се барањата и очекувањата од детето; заканите, критиките и казните се често упатени на личноста, а не на однесувањето на детето; има недостаток од безусловна љубов, па поради тоа детето не развива чувство на прифатеност, самодоверба, самопочитување и самостојност. Според тоа, социјално зависничкиот воспитен стил е насочен кон субмисивност и покорност на детето, недоволно индивидуализирачки, се темели на високи побарувања кои се контролираат со критики и казни.

Злоставувачкиот воспитен стил се одликува со минимално пружање на емоционална љубов; постојат нејасно поставени барања поради што на детето не му е јасно што возрасните од него очекуваат; често детето е психички и физичко злоставувано по пат на навредување, етикетирање, потсмев, критика, физичка казна, други понижувања и бруталност, со што возрасните демонстрираат моќ и инсистираат дека секогаш се во

право; запоставени се средствата за поттикнување, како што се: признание, пофалба, награда и сл.; на детето му недостасува безусловна љубов од родителите, па детето се чувствува запоставено, несигурно, несакано, со недостаток на самопочитување и самодоверба.

Основни карактеристики на претерано заштитничкиот воспитен стил се: често пружање на безусловна љубов и внимание, односно емоционална топлина која анксиозните и загрижените родители ја изедначуваат со трпение и грижа дека на детето нешто ќе му се случи; претерана е заштитата и држењето на детето под „стаклено ѕвоно“ за да не доживее негативни искуства, но тоа му оневозможува да доживее позитивни искуства, да учи преку обиди и грешки, самостојно да ги увидува и решава проблемите итн.; извршување на одредени активности и задачи наместо детето, а така се гуши неговата иницијативност, упорност, а притоа кај детето се развива несигурност и несамостојност; барањата и очекувањата се прениски, па децата постигнуваат послаби резултати од своите можности; амбициите на детето се мали, како и недостатокот на доверба на родителите во неговите способности, па детето главно не изградува самодоверба, ниту самопочитување во согласност со можностите; многу е ретка примената на опомени, критики, казни итн. Значи овој воспитен стил е премногу врзувачки, недоволно социјализаторски, со дефицит од осамостојување на детето, неадекватна индивидуализација, но и со нагласена контрола над детето.

Демократскиот воспитен стил (висока контрола, високо прифаќање) подразбира почитување на детето како рамноправен член кој има свои права во семејството. Семејството во кое преовладува демократскиот стил на однесување ја преферира пофалбата, има трпеливост кон детските постапки, заедничко решавање на проблемите, поттикнување, мотивирање, храбрење... Овој стил не подразбира апсолутна слобода која преминува во анархија, туку преферира заемно почитување меѓу родителите и децата. Децата во демократските семејства се чувствуваат прифатени од страна на родителите и постепено градат креативен став кон новите почетоци. Од воспитните средства демократскиот воспитен стил ги практикува пофалбата и наградата, но тоа не значи дека е целосно заснован на нив. Напротив, примената на казните кај овие родители се поблаги и поефективни со оглед на стекнатата доверба од страна на децата кон родителите.

Демократското воспитување е одраз на поединец кој е сестран и сигурен во себе и другите.

Главни обележја на демократскиот стил на воспитување се:

- Се применуваат во топла семејна атмосфера;
- Има рамнотежа помеѓу безусловното и условното внимание спрема детето;
- Имаме рамноправни позиции на родителите и детето, согласно неговата возраст и индивидуални карактеристики;
- Доминираат партнерски односи, меѓусебно почитување и рамноправност во семејните одлучувања;
- Преовладува ненасилна вербална и невербална комуникација;
- Со возраста на детето се зголемува бројот на рамноправни договорени правила и граници на однесување, а се намалува фреквенцијата на родителските барања, како и зголемување на меѓусебното разбирање;
- Најчесто на договорен начин доследно се санкционира неадекватното однесување на детето, без омаловажување на неговата личност, па тоа ни тогаш не се чувствува отфрлено;
- Вистинскиот авторитет на родителите е транспарентен, објективен, конкретен, флексибилен, доследен, а тоа на детето му овозможува чувство на сигурност, развој на самопочитување, самодоверба, формирање на работни и културни навики, просоцијално однесување и лична автентичност.

Демократскиот стил на родителско воспитување опфаќа неколку варијанти на емотивно врзување и социјализација, меѓу кои основни се конгруентниот и урамнотежениот стил на семејно воспитување. Во основа, демократскиот стил на семејно воспитување е заснован на задоволување на потребите на детето, партнерски однос, единство, соработка и одговорност во рамките на семејната заедница.

Педагошки најстимулативна идеална форма на демократскиот стил на семејното воспитување е конгруентниот стил, кој ги има следните карактеристики: се одвива во топла, релаксирана, слободна емоционална семејна атмосфера, постои оптимум помеѓу социјализацијата и индивидуализацијата во воспитувањето на детето, родителите се однесуваат на педагошки флексибилен, прилагодлив но одлучен начин со прифаќање и емпатија спрема детето, се уважуваат потребите на детето, а не се занемаруваат потребите

на возрасните, постои ненасилна комуникација, воспоставени се рамноправни односи помеѓу членовите во семејството, се поминува доволно квалитетно време со детето, се почитуваат неговите желби, чувства и мислења, внимателно и со трпение се сослушува итн. Конгруентниот стил на семејното воспитување е воспитно најделотворна варијанта на демократскиот стил и идеал.

Урамнотежениот стил на семејно воспитување е сличен на претходниот и во некои аспекти се поклопува со него. Главни карактеристки на оваа варијанта на демократскиот воспитен стил се: рамнотежа помеѓу поттикнување и спречување, допуштање и граници, внимание и безусловна љубов, со што се поттикнува општествено посакувано однесување и се развива самопочитување, самодоверба и чувство на прифатеност кај детето, флексибилност и доверба итн. Значи, урамнотежениот воспитен стил е оптимално социјализирачки и индивидуализирачки, емоционално топло поврзувачки, кој придонесува за осамостојување на децата во семејството. Заснован е на задоволување на потребите и интересите на децата и возрасните, меѓусебно почитување, искажување на безусловно и условно внимание, топли чувства, соодветна контрола, умерени барања, флексибилност и реални очекувања.

Манипулативниот стил на семејно воспитување како варијанта на демократскиот воспитен стил има елементи и од демократскиот и од автократскиот воспитен стил. Карактеристики на овој воспитен стил се: нагласување повеќе на условното во споредба со безуслвното внимание на родителите; во топлата емотивна семејна атмосфера на детето му се искажува добро условно внимание поради посакуваното однесување заради исполнување на некои високи барања од родителите; средствата како што се укор, опомена, казна, критика се сведени на најмала можна мерка; насочувањето, контролата и модификацијата на однесувањето се имплицитни и од манипулативен карактер бидејќи недостасува безусловна љубов и искрено внимание; детето се труди преку неговото очекувано однесување да се здобие со внимание или да добие признание, насмевка и останати видови на некои придобивки само кога се однесува како што треба, па на крајот се чувствува изневерено, неприфатено, несакано или изманипулирано; детето забележува дека родителите го подмитуваат кога сакаат да се однесува како што тие сакаат, а дека всушност не е сакано онакво какво што е, па поради тоа најчесто има проблем со развивање на самопочитување, развивање на чувствата, вистинска прифатеност и

самодоверба; на крај децата почнуваат да се однесуваат на наученият манипулативен начин. Во суштина, манипулативниот стил на семејно воспитување е премногу социјализирачки и зависнички, заснован на прикриен авторитет со високи барања, како и контролирана условна љубов, без доволно безусловна толеранција, искреност и флексибилност.

Во семејствата со ***анархичен воспитен стил*** (ниска контрола, високо прифаќање) децата се препуштени на образовните институции, додека родителите покажуваат незаинтересираност, или рамнодушност кон детското поведение и развој. Овие родители не посветуваат доволно внимание и време на своите деца. Воспитанието на детето во овие семејства е либерално до степен на неконтролираност и запоставеност, што како последица доведува до анархија во организирањето на семејното функционирање. Родителите кои го практикуваат овој воспитен стил можат да бидат иницирани од две причини: или се чувствуваат некомпетентни за воспитување на децата, сметајќи дека таа обврска ѝ припаѓа на воспитно-образовната институција, или пак, се преангажирани и се препуштени на други активности. Овие семејства најчесто се недоволно организирани и немаат меѓусебни хармонични односи. Комуникацијата на родителите од овој тип со децата е присилна и постепено и суштински и содржински се намалува од причини што родителите не се во тек со животот на нивното дете. Во комуникацијата со другите овие деца честопати се причина за започнати инциденти и најчесто со цел да го свртат вниманието кон себе. Со други зборови, во друштвото со врсниците покажуваат голема доза на егоцентричност.

Основни варијанти на овој стил се: воспитен стил што се одликува со разгалување на детето од страна на родителите и занемарувачки воспитен стил. Првата варијанта од анархичниот воспитен стил се карактеризира со едно доминантно педагошко уверување на родителите кои се водат според една животна мисија на целосна љубов, подредување на себе си, занемарување на своите потреби, исполнување на сите желби на детето и сл. Тука имаме и пренагласена слобода на детето, како и претерани и нереални пофалби, награди кои како средства се првенствено упатени на личноста на детето, а не неговото однесување, што доведува до необјективна слика за себе кај детето, нереална самодоверба и самопочитување, и од негова страна доаѓа до преценување и егоцентричност. Исто така,

ваквиот воспитен стил доведува до преголемо врзување на детето и недоволна социјализација. Спротивен на оваа варијанта на воспитен стил е занемарувачкиот.

Преку воспитниот стил на родителот детето:

- добива слика за сопствената личност според нејзиниот третман од родителот;
- ги учи нормите на однесување кои родителот директно му ги укажува;
- го следи примерот на родителот во однос на начинот на однесување кон туѓите постапки и согласно со интензитетот на другите механизми, овој начин го прифаќа за сопствено однесување.

Во интерес на ефикасноста на воспитниот стил на родителите, потребно е да бидат запазени следните принципи:

- **Принцип на усогласеност** – подразбира еднаков приод во постапките кон детето од страна на двајцата родители и примена на исти воспитни мерки во однос на исти или слични постапки на детето. Неусогласеноста на постапките може да биде далеку поштетна од чистата примена на кој било воспитен стил усогласен кај двајцата родители. Неусогласеноста на постапките меѓу родителите може да ги предизвика следните негативни воспитни ефекти: неизградени етички критериуми кај детето, недостаток на самостојност во решавањето на животните проблеми, барање „линија на помал отпор“ (секогаш да е присутен некој кој ќе му попушти и ќе го брани), неможност за градење на цврста пријателска врска.
- **Принцип на свесност** – подразбира тенденција кон разумно користење на воспитните постапки од страна на родителите и воздржување од секаква импулсивност во однесувањето.
- **Принцип на совесност и принцип на одговорност** – се во тесна врска со принципот на свесност и подразбираат не само знаење, туку и тенденција за целосна, правилна и благовремена примена на она за кое се знае дека е позитивно во односот родител – дете.
- **Принцип на доследност** – подразбира усогласеност на личните дејствија на родителот со постапките кои се бараат од детето. Родителот треба да претставува пример за она кое го бара од детето. На пример, како таткото би го поучувал својот син против тепањето, ако тој со тепање го воспитува него. Недоследниот родител

не е во состојба да користи едно од најмоќните средства во воспитанието на детето – примерот на родителот.

- **Принципот на умереност** – претпоставува можност за себе-контрола во реализацијата на воспитните мерки со децата од страна на родителите.
- **Принципот на позитивна прогресија** – произлегува од развојните карактеристики на детето, кои, согласно со секоја развојна фаза, се усложнуваат.
- **Принципот на сообразеност со детската возраст** – е во тесна врска со претходниот принцип и претпоставува соодветност на примената на воспитните постапки на родителот, согласно детските развојни карактеристики, а во поглед на: видот на постапката, начинот на примена на постапката и времето на примена на постапката.
- **Принципот на научност** – е важен и треба да се почитува во семејното воспитување.
- **Принципот на учество и реципроцитет** – е еден од најважните во реализацијата на комуникацијата во семејството и во однесувањето на родителот кон детето. Тој подразбира двонасочност на комуникацијата и активна улога на детето во неа. Овој принцип од родителот бара способности на добар слушател, кој постојано ќе биде во дослух со реакциите на децата по однос на неговите барања кон нив.
- **Принципот на интеракција** – се темели врз толкувањето на интеракцијата како процес во кој единката партиципира, менува и се менува.
- **Принципот на индивидуализација** – поаѓа од третманот на детето како посебна индивидуа со свој интегритет и потреби. Различната возраст на децата, малиот број на деца во споредба со организираниот воспитно-образовен систем, спецификите на односите и различните аспекти на комуникација, потоа целокупната емотивно-обоена клима овозможуваат индивидуален пристап во воспитното дејствување врз детето.
- **Принцип на демократичност** – произлегува од толкувањето на основата на претходните принципи. Родителите кои го запазуваат овој принцип, го почитуваат детското мислење, но кај децата развиваат, исто така, чувство на почит кон родителите.

- **Принципот на оригиналност и вистинитост** – е важен и се состои во тоа дека родителите не смеат на детето да му даваат лажни претстави за светот кој го опкружува.
- **Принципот на посветеност** – претпоставува: одделување дел од времето на родителот во функција на дружење со детето, целосно физичко, ментално и емоционално ангажирање на родителот за време на заедничките дружења со своето дете.

Имајќи ги предвид насоките на воспитното дејствување на родителот, неспорен е фактот дека неговото негативно однесување може да остави трајни последици врз развојот на детето како личност. Самиот факт дека семејството игра важна улога во социјалното однесување на детето, кое од друга страна, е основа и услов за развој на личноста, упатува кон сознанието дека родителот е важен фактор и за иднината на човештвото.

2.1.5 Воспитниот стил на родителите и социјалното однесување

Семејството е општествен феномен, чиј развој е општествено и културно детерминиран, што подразбира дека, иако е интимна заедница, семејството подлежи и на влијанија од опкружувањето, кои претставуваат објективни фактори во поглед на организирање на семејниот живот, на семејното воспитание и стилот на воспитување на родителите. Видот на односот родител – дете не е зависен само од личноста на родителот, чија основа е формирана во неговото детство, туку тој однос зависи и од надворешните фактори, односно од општествено-културните влијанија и околности, во чии рамки родителот ја остварува својата родителска улога. Имено, неговата вклученост во општествениот живот, животните потреби и стандарди, културните норми и правила во опкружувањето, образовниот и професионалниот статус на родителот, неговиот социјален статус и слично, сето тоа го определува карактерот на односот родител – дете, а во тој контекст и воспитните постапки на родителите кон децата, за на крај тоа да влијае врз формирањето на личноста на детето и неговото понатамошно однесување.

Согласно спецификите на надворешните влијанија и можните деструктивни разлики по однос на семејното влијание врз социјалното однесување на детето, потребно е да се преземе следното:

- да се открие карактерот на културата и културните вредности на семејството;

- да се овозможи рано откривање на разликите во воспитното однесување на родителите кон децата и ефектите кои тоа ги остава во социјалното однесување на децата уште од најрана возраст (раната училишна возраст);
- да се преземат соодветни мерки за развој на меѓусебна толеранција и прифаќање.

Еден од параметрите во поново време, на кои се посветува поголемо внимание, а кое се однесува на влијанието врз однесувањето на децата, е влијанието на образовното ниво на родителите. Притоа, образовното ниво на родителите влијае врз развојот на децата преку:

- односот кон учењето и кон книгата во семејството;
- примамливоста на професијата и работното место на родителот, доколку е соодветно на неговото образовно ниво;
- повисока свест кај родителите по однос на воспитните ефекти на семејството, како и по однос на потребата од педагошка култура и образование;
- поголемиот интерес на родителите за успехот на децата и поголемата контрола што ја вршат на тоа поле;
- побогат говорен статус и слично.

Со ова се укажува дека образовниот статус на родителите би имал поголемо влијание врз развојот на социјалното однесување на детето, но имајќи ги предвид честите амбиции на високообразовните родители, би се нагласила нивната нетрпеливост кон детското однесување и постапки, кое пак остава штетни последици по однос на детската личност и нејзиното однесување. Преголемата контрола и амбиција може да предизвика фрустрации кај детето, што пак доведува до агресивност во неговото однесување.

Следењето и доведувањето во врска на социјалното однесување на учениците од основно образование со воспитниот стил на родителите може да придонесе кон:

- согледување на егзистенцијалните состојби на нашето семејство и на неговиот воспитен статус;
- откривање на причините за егзистирање на евентуален негативен воспитен стил во семејството;

- преземање организирани институционални воспитно-образовни мерки за надминување на кризата во социјалното однесување на децата и интервенирање на тоа поле преку педагошка едукација на семејствата;
- преземање мерки на државно ниво за подобрување на условите во семејствата чии деца на некој начин се занемарени;
- постоење на мултисекторска соработка заради ефективна интервенција во случај на повторено и зачестено агресивно однесување на учениците во училиштата;
- преземање мерки за отстранување на причините за различните дисфункции на семејството како институција;
- поголема соработка помеѓу семејството и училиштето, односно родителите и наставниците и педагошко-стручната служба на училиштето (педагог, психолог, социјален работник...);
- афирмација на концептот позитивно родителство итн.

Неслучајно го споменуваме концептот позитивно родителство, бидејќи како начин на делување е од понов датум и е концепт кој може во многу нешта позитивно да влијае врз создавањето на еден, исто така позитивен образец на однесување кај децата, односно учениците. Во суштина, позитивното родителство им помага на родителите да одгледаат среќни и самоуверени деца, да се снајдат во управувањето со неморалното однесување на сопствените деца, да осознаат повеќе начини за поставување правила и рутини кои секој ги почитува и ги следи, да изградат и применуваат соодветен воспитен стил спрема своите деца, да изградат одреден начин на однесување кај децата во согласност со сопствените родителски критериуми, но земјаќи ги предвид потребите и афинитетите на своите деца.

Концептот на позитивно родителство го вклучува следното:

1. Од родителите се очекува да го познаваат развојот на детето, да знаат што е најдобро за него во рамките на семејството, но и надвор од него, да знаат зошто, кога и кои воспитни постапки треба да ги применат, а исто така од нив се очекува да работат на себе и убаво се чувствуваат во родителската улога.

2. Програмата за позитивно родителство или тројното П (Pozitiv Parteing Programs - PPP), како составен дел од концептот за позитивно родителство, им дава на родителите едноставни и практични стратегии за да им помогне при самоувереното управување со однесувањето на нивните деца, во спречувањето на проблемите во развојот (агресивно однесување, асоцијално и девијантно однесување) и да се изградат силни и здрави односи.
3. Постоењето на петте нивоа на оваа програма имаат за цел да ги опфатат родителите кои имаат некакви проблеми со своите деца, без разлика дали се работи за проблеми во однесувањето или за одредено психичко нарушување. Но она што е важно е фактот што овој концепт претставува еден вид интервентна програма, која дава можност за употреба од страна на кој било родител.
4. Многу е важно да се напомене дека позитивното родителство не е еден и единствен концепт кој пропагира совршен родител, туку тоа е еден современ концепт кој нуди повеќе алтернативи и можности наменети за родителите, кој им помага, ги насочува, со еден збор – *позитивното родителство не подразбира идеален, засекогаш непогрешлив родител, туку родител кој се труди да го надоградува своето родителство*.

Петте нивоа на позитивно родителство се:

Прво ниво: целта на ова ниво е да се засили свесноста за способностите на родителите, охрабрувањето на родителите, како и поттикнувањето оптимизам кај нив.

Второ ниво: ова ниво е наменето за деца со отстапувања во однесувањето, како што е, на пример, агресивното однесување, како и давање на посебни насоки и видеозаписи за родителските стратегии.

Трето ниво: во ова ниво се вклучени интервенции за родители на деца со поблаги потешкотии во однесувањето и активни обуки за стекнување со родителски вештини.

Четврто ниво: наменето за родители кои имаат деца со потешки проблеми во однесувањето, особено деца кај кои се јавува рецидивизам на одредено асоцијално однесување.

Петто ниво: насочено е за родители кои самите имаат потешкотии во однесувањето, лоша меѓусебна комуникација, како и чести депресии или се под силно влијание на стрес.

***

Родителството е голема обврска и предизвик, постојан процес кој во голема мера зависи од начинот на кој и самите сме воспитани во детството. Тука е она што сме го научиле од нашите родители, моделите на воспитување кои биле применувани на нас, па се поставува прашањето од што зависи како ние ќе ги воспитуваме нашите деца? Дали потсвесно ќе ги преземеме правилата на нашите родители, дури и ако не ги сметаме за исправни? Ќе умееме ли да ги препознаеме грешките на нашите родители за да не ги повториме? Доколку сме противници на воспитните модели на нашите родители, дали тоа можеме да го промениме, или несвесно, сепак, ги повторуваме на нашите деца?

Имено, децата најмногу и најлесно учат по принципот на т.н. учење по модел. Учењето по модел е многу моќно средство за обликување на личноста, но е голем проблем што родителите за тоа не се свесни. Децата понекогаш поголемо внимание посветуваат на она што родителите прават, отколку на она што тие го зборуваат. Тоа особено се однесува на повозрасните деца, односно децата кои веќе одат на училиште. Делата на родителите мора да бидат во согласност со нивните зборови. Дури кога родителите го прават она што го зборуваат, дури тогаш навистина ги учат своите деца. Таткото кој во рака држи цигара, а му вели на детето дека пушењето е штетно, мајката која ѝ вика на својата ќерка, а ѝ зборува дека не смее да биде агресивна спрема помалиот брат, родителите кои им зборуваат на децата дека со разговор може се да се реши, а меѓусебно не комуницираат... се само некои од ситуациите кои илустрираат моќ на учење по модел. Истото се случува и во текот на воспитувањето, бидејќи децата несвесно го усвојуваат она што го гледаат и врз основа на тоа што го гледаат го формираат однесувањето, начинот на емоционално реагирање, социјалните вештини.

Родителите исто така мора да ја проценат способноста на детето да го изврши тоа што се бара од него. Доколку детето не е во можност успешно да го изврши она што се бара од него, тоа развива сомнеж во сопствената вредност и способност. Меѓутоа, бидејќи за децата, а особено учениците, е неопходно да дојдат до израз, тие радоста и задоволството од креативните дејности или своите суштински вредности и потреби, ќе ги заменат со површински и деструктивни. Односно, доколку сметаат дека не се способни креативно да се изразат, тие ќе се обидат да се изразат деструктивно. Оттаму, многу често доаѓа до појава на агресивност кај учениците.

Што е тоа што најмногу влијае врз оддалечувањето меѓу членовите на семејството? Во многу семејства родителите поминуваат малку или незначително време со своите деца, бидејќи се зафатени со работа и се уморни, ретко разговараат со децата, дури и кога меѓусебно зборуваат, секој останува при својот став. Доколку родителите се во постојан конфликт и не можат да се усогласат околу меѓусебните разлики во родителството, се создава нестимулативна или непоттикнувачка клима. Денес често ги слушаме поплаките на родителите дека е многу тешко да се воспитаат децата во вакви времиња. Од наставниците пак, слушаме како денешните деца се сè поразгалени и пораспуштени. Како воопшто да се воспита детето да стане нормален човек?

Современиот начин на живот наметнува на многумина целосно да ги занемарат моментите поминати со најблиските. Вистина е дека брзото секојдневие не дава многу простор, ни време да уживаме во семејниот дом, но тоа не е оправдување и не смее да биде, барем ако сакаме да ја одржиме здрава и цврста онаа драгоцена вредност наречена семејство. А основа на секое семејство е, пред сè, добрата комуникација.

Задача и цел на воспитувањето во семејството е дека треба да се насочи кон развој на детето во сестрана и самостојна личност, која ќе може да се грижи за себе и со својата работа да придонесе за целокупното општество. Семејството треба да помине преку лошите изговори за недостаток на слободно време. Не е лесно, но сепак е возможно!

3. АГРЕСИВНОСТ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

„Како ќе придонесете за светскиот мир?
Одете дома и сакајте го своето семејство“.
-Мајка Тереза-

3.1 ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И ВИДОВИ НА АГРЕСИВНОСТ

Агресивноста е сложена појава и состојба која мотивациски, емоционално и акциски се манифестира како нагон, лутина, бес, непријателство и напад на поединец, објект, територија и пошироко. Латинскиот назив за агресивност е *aggredi*, што значи да му се пристапи некому, да се нападне.

Агресивноста е биопсихолошко својство основано на инстинктот на самоодржување и насоченост кон афирмација на личноста; се огледа во чинот на напаѓање на сѐ што го спречува (или би можело да го спречи) задоволувањето на животните потреби, но и да го наруши (оцрни) општествениот углед, успех, слободна акција итн. Агресивно однесување кај луѓето се смета она однесување кое е сторено со намера некому да се нанесе физичка или психолошка штета. За агресивност се работи кога постои намера некого да се повреди. Цел на агресијата може да биде и душевно оштетување, на пример, ако се зборуваат грди работи за другите.

Терминот агресија се користи за различни појави. Многубројните обиди за одредување на агресивноста во правец на означување на мотив, акција или црти на личноста, укажуваат на сложеноста во проучувањето на оваа проблематика. Никола Рот (1994) на агресивноста гледа како на начин на реагирање, кој претставува вродена природна реакција на напад, а за агресивниот мотив зборува само тогаш кога постои задоволство за самиот агресивен акт. Агресивноста набљудувана како црта на личноста подразбира помалку или повеќе доследно непријателско и разорно однесување спрема својата блиска и подалечна околина, додека агресивното однесување се дефинира како

напад, односно како еден чин на однесување насочен против некоја личност, предмет или содржина.

Според Енкартовиот светски англиски речник (Encarta World English Dictionary, Encarta 1999), дефиницијата за насилство е: 1) употреба на физичка сила за да се повреди некој или за да се оштети нешто, и 2) незаконска употреба на неоправдана сила, или ефектот од чинот на заканување со истата.

Дефиницијата што ја користи Олевус (Olweus, 1999, стр.12) е дека насилството или насилното однесување е агресивно однесување при кое субјектот или сторителот ги користи сопственото тело или предмет за да нанесе повреда или за да предизвика непријатност кај друга личност. Светската здравствена организација насилството го дефинира како: намерна употреба на физичка или психолошка сила или моќ во реалноста или во облик на закана, врз себе, друго лице, или врз група или заедница, чиј исход е повреда, смрт, психолошка оштетеност, неправилно развивање или лишување од нешто.

Помеѓу истражувачите нема општоприфатени ставови за феноменот агресија, што го отежнува не само неговото сфаќање, туку и спроведувањето на интервенции во доменот на превенција и терапија. Под општото одредување на агресивноста во правец на однесување се смета широк дијапазон на насилни однесувања кои имаат за цел на друго лице да му се нанесе штета или да се уништи некој објект, при што агресивните однесувања можат да се сметаат за специфични форми на антисоцијални однесувања.

Секојдневно, повеќето од нас доживуваат помали повреди. Затоа, дали насилството или агресивното однесување треба да се ограничи на сериозни удари, или навреди, или општествени провокации? Или може да го вклучува, како што француските истражувачи го нарекуваат, микронасилството или нељубезноста, релативно минорни чинови на непристојност или на прекршување на правилата.

Критериумите од кои истражувачите поаѓаат во проучувањето на овој сложен феномен, значајно влијаат на поделбата на агресивното однесување, па оттаму најчестата поделба на агресивноста се врши според:

- Функцијата,
- Средствата и
- Објектот.

Според функцијата, агресивното однесување може да биде реактивно-проактивно, односно хостилно-инструментално. Кога агресорот има добивка од нападот на жртвата, во прашање е инструментален облик на агресивност, за разлика од афективниот, односно хостилниот тип на агресивност, каде главна цел на агресорот му е да нанесе болка или штета на жртвата.

Според средствата, агресивните однесувања можат да бидат физички и вербални. Физичкиот вид на насилство подразбира задавање на физички повреди или нелагодност на другиот, удирање со раце или нозе, штипење или туркање со телесен допир. Вербалниот или психолошкиот вид на искажување агресивно однесување опфаќа задевање, навредување, ругање, закана и невербални напади, како што се: непристојни движења, гримаси, намерно исклучување на поединецот од општеството.

Поделбата на агресивното однесување според објектот може да се сведе на директна и индиректна агресија. Директната агресија е тесно поврзана со физичкото и вербалното насилство, додека индиректната поприма скриени облици на насилство. Под индиректна агресија се подразбира однесување кое им наштетува на другите, а кое се манифестира во вид на уништување на врски, пријателства, припадност на група или чувство на прифатеност, или пак, се искажуваат закани за такво уништување. Некои автори индиректната агресија ја нарекуваат релациска и ја детерминираат како социјално манипулативно однесување, во кое агресорот се служи со една социјална структура со намера да повреди друго лице, така што влијае на нејзината поврзаност со други лица или влијае на нејзиниот статус во дадена група.

Како фактори кои влијаат врз нивото на насилно или агресивно однесување во училиштата се истакнуваат: видот на училиштето и климата во него, карактеристиките на групата врсници, карактеристиките на учениците, како што се: пол, возраст, етничка припадност, семејно потекло и посебните образовни потреби, како и историските трендови.

Истражувачите сугерираат дека видовите на агресивно однесување се конзистентни со социјалните цели: физичката агресија е почеста кај момчињата, бидејќи физичката доминација за нив е многу важна социјална цел; од друга страна, на девојчињата релационите цели им се многу поважни (формирањето и одржувањето на

блиски односи со другите), така што тие почесто се актери и жртви во индиректната агресија[6].

Појмовното одредување на агресивноста можеме да го базираме од аспект на психолошко, психијатриско и нормативно или законско стојалиште. Од аспект на психолошкото стојалиште, изведени се два синдрома на агресивно однесување кај децата: екстернализирачки и интернализирачки синдром, од кои првиот се карактеризира со неконтролирано однесување на поединецот, и тука спаѓаат хиперактивните, агресивните и деликвентните облици на однесување. Агресивните облици опфаќаат широк дијапазон на однесувања: физички пресметки, деструктивност, непослушност, закани и застрашување на другите, како и попречување на наставата во училиштето. Од друга страна, вториот синдром се карактеризира со претерана контрола на однесувањето која може да се манифестира со страв, депресија и социјално повлекување и изолација. Психијатриското стојалиште агресивното однесување го сврстува во дијагностичката категорија на пореметување во однесувањето. Врз основа на дијагностичките критериуми, за пореметување во однесувањето зборуваме кога лице помладо од 18 години има одредени симптоми во кои спаѓаат: агресивното однесување, кршењето на правила, уништување на туѓ имот, а со кои се кршат важни општествени норми и се повредуваат правата на другите. Со помош на статистичките анализи, добиени се два кластера на однесување. Првиот вклучува: тепачки, непослушност, излив на бес, деструктивност, некооперативност, дрскост и немир и се нарекува агресивно однесување со намалена социјализација или само агресивно однесување. Вториот кластер опфаќа: лошо друштво, бегање од дома и од училиште, лажење, подметнување на пожар и се нарекува социјализирана агресија или деликвенција. Од аспект на нормативното или законското стојалиште, проблемите со однесувањето се опишуваат со термините: антисоцијално однесување, деликвенција и криминалитет.

3.1.1 Видови агресивност

Последното десетлетие агресивното и антисоцијалното однесување меѓу младите, односно меѓу учениците, е во постојан пораст. Пореметувањето во однесувањето кај

[6] Garandeau & Cillessen, 2006; Crick & Grotpeter, 1995, според Петровиќ, 2010

учениците за општеството е големо оптеретување, како во финансиски, така и во социјален поглед. Агресивното однесување ги ограничува поединците, нивните односи со другите и општеството како целина. Антисоцијалните деца имаат проблеми во училиштата и врсниците често ги отфрлаат.

Агресивност е однесување во чија позадина е намера на друго лице да му се нанесе штета или да се уништи некој објект. Целта на агресивната постапка може да биде не само телесно, туку и општествено оштетување. Агресивно однесување се смета и кога некој ученик на друг му кажува грди зборови, а намерата му е да го повреди. Голем предизвик е да се открие намерата на ученикот, бидејќи намерата не е нешто што другите можат непосредно да го видат. Имајќи предвид дека нормалните агресивни постапки се дел од растењето на децата, важно е да се разликува нормалната агресивност од абнормалната. Во таа насока, постојат одредени разлики:

- Квалитативно отстапување од нормалните облици на агресивност (на пример, децата од основните училишта често се во некаков конфликт, но подметнувањето на пожар или мачење на некое животно, квалитетно отстапуваат од нормалните агресивни постапки и затоа може да се означат како абнормални);
- Квантитативното отстапување од нормалната агресивност се огледа во зачестеноста, интензитетот или должината на траење на агресивното однесување;
- Во значајна мера отстапувањето од нормалното агресивно однесување се гледа и според возраста на децата и нивниот пол, што значи дека одредени облици на агресивност во одреден развоен период се нормални, но не и во други развојни нивоа;
- Абнормалната агресивност има негативно влијание врз различни аспекти од развојот на детето (на пример, училишниот успех, меѓучовечките односи итн.);
- Штетно влијае на однесување или имотот на другите.

Ако ја анализираме динамиката на агресивноста, можеме да разликуваме два вида: експанзивна и дефанзивна, односно освојувачка и одбранбена агресивност. Не се работи за две издвоени појави, туку за две функции со иста способност за прилагодување на поединецот. Експанзивната, освојувачка агресивност е способност која му служи на

човекот да може да експериментира со себе и да ги надминува препреките кои му стојат на патот при самоостварување. Дефанзивната или одбранбената агресивност служи за одбрана на сопствената личност од закани и опасности, особено ако е под закана нејзиното достоинство. Во детството освојувачката агресивност му овозможува на детето да се бори против зависноста од родителите и на тој начин да го гради својот идентитет. Затоа се вели дека во позадината на агресивноста кај децата може да стои потиснувањето на нивната самостојност. Според тоа, агресивноста не е добра, ниту е лоша - може да биде во служба на прилагодување, но може да биде и деструктивна.

Други видови на агерисвност се следните:

а. *Отворени и прикриени облици на агресивност* - отворената агресивност се дефинира како отворен чин на конфликт поврзан со физичко насилство. Учениците со отворено антисоцијално однесување се склони на реагирање на непријателски ситуации, понегативни се и почувствителни од учениците кои покажуваат прикриено агресивно однесување. Отворените агресивни ученици обично се опишуваат како борци. Момчињата почесто се борат од девојчињата, но и девојчињата од основно образование или од тој развоен период можат да бидат склони на такви облици на однесување. Прикриената агресивност се карактеризира со прикриени агресивни постапки кои се случуваат потајно. Учениците со прикриено антисоцијално однесување се помалку друштвени, плашливи се и во голема мера се недоверливи спрема другите, а во рамките на семејството најчесто добиваат мала поддршка.

б. Реакривна и проактивна агресивност – реактивната агресивност е агресивно дело кое претставува реакција на некој надворешен поддржувач, настан или однесување. Тоа може да биде вистински, или пак, ученикот како таков го има доживеано. Во таков случај надворешниот настан предизвикува голема количина на бес, кој се здружува со импулсивност, слаба способност за насочување на однесувањето, слабо развиена способност за совладување и непримерна обработка на социјални информации. Реактивно агресивните ученици во голема мера покажуваат непријателска агресија со голем удел на освета. Овие ученици се недоверливи и внимателни спрема другите и често ги доживуваат како борбени противници кои заслужуваат насилство. Во споредба со проактивната варијанта,

реактивната агресивност често започнува порано и е поврзана со грубите мерки на дисциплинирање кои ги применуваат родителите, со телесно казнување, социјални проблеми, нестабилност на семејството и искуства со насилство. Реактивно агресивните ученици не се толку омилени, нивната социјална компетенција е помала, често се жалат дека врсниците ги одбегнуваат и често имаат потешкотии со концентрацијата. За проактивна агресивност се зборува кога ученикот намерно и планирано го користи агресивното однесување за да постигне некоја цел или да доминира над другите ученици. Учениците кои го покажуваат тој облик на агресивно однесување често се мирни и со висока самодоверба и очекуваат дека исходот од нивната агресија ќе биде позитивен.

в. Релациска агресивност – се нарекува она однесување кое им наштетува на другите поради уништување на врските, пријателствата, припадноста на групи или чувството на припадност, или пак, со такво уништување се врши закана. Тоа значи дека агресорот ќе се погрижи ученикот да биде исклучен или отфрлен од групата пријатели, или пак, ќе му се заканува со такво дејствие. Релациската агресивност е почеста појава кај девојчињата отколку кај момчињата. Помеѓу осмата и четиринаесеттата година девојчињата го менуваат обликот на изразување на агресијата, па отворената агресивност станува поретка, додека се зголемува релациската агресивност. Бидејќи таквото агресивно однесување го ограничува пристапот до остварување на односите со врсниците, прифатен е аргументот дека раниот почеток на релациската агресивност го зголемува чувството на очај. Но возможно е и чувството на очај да доведе до релациска агресивност. Така на пример, децата кои се чувствуваат осамени или неприфатени, можат да им се осветуваат на своите врсници со користење на обликот на релациска агресивност. Релациската агресивност кај девојчињата нанесува поголема штета бидејќи со тој облик на агресивно однесување е тешко да се одржат блиски пријателства кои за нив имаат висока вредност.

г. Инструментална и непријателска агресивност – инструменталната агресивност на агресорот му пружа награда или предност поврзани со нелагодноста на жртвата. Главна цел на непријателската агресивност е да ѝ се нанесе болка на жртвата или жтета. Кај момчињата е повеќе застапена непријателската агресивност во однос на

девојчињата, додека кај инструменталната агресивност не е забележана некоја значајна разлика во однос на половите и нејзината застапеност. Главен проблем кај овие два вида на агресивност е тоа што облиците на однесување и од инструменталната и од непријателската агресивност можат да се преклопуваат, односно многу агресивни епизоди содржат елементи и од двата вида на агресивност.

3.2 ПРИЧИНА ЗА ПОЈАВА НА АГРЕСИВНОСТ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Има добри причини за загриженост околу прашањето на насилство во училиштата. Прво, тоа има директен штетен ефект врз жртвите на насилство или врз училишната средина, и второ, може да предизвика несигурност и страв, што се појави спротивни на целта на училиштето; насилната клима во едно училиште е спротивна на образованието за граѓанство кон кое целиме, а спротивна е и на правата на учениците и на младите луѓе, односно учениците да живеат без страв и без заплашување. Проблемот со агресивноста кај децата е глобален проблем. Агресивното однесување може да се разбере како специфично мотивирано однесување. Збирот од елементи, како што се: пол, старост, социјален статус, ниво на интелигенција, психопатологијата, влијанието на телевизијата, моменталната економска ситуација, образовниот систем, распадот на семејството, продлабочениот јаз помеѓу богатите и сиромашните, генералната нестабилност и неизвесност на општеството, се дел од комплексните фактори кои можат да влијаат врз појавата на агресивност кај децата, односно учениците.

Детето се раѓа со агресивен потенцијал, којшто со разни социјални влијанија се обликува. Во текот на животот тоа се стекнува со способност за соодветно реагирање на своите нагони, па во согласност со тоа, и со агресијата. Децата кои нема да научат да ги користат социјално прифатливите начини за постигнување на своите цели или решавање на конфликтите со другите деца, можат да станат повлечени и дефанзивни или да научат да користат насилно однесување како начин кој ќе ги доведе до остварување на саканите цели.

Агресивноста како биопсихосоцијален мотив им овозможува на учениците одбрана од можните закани. Во тој случај агресивноста е составен дел од механизамот кој овозможува преживување или опстанок. Прашањето на кое не е лесно да се даде одговор е: кога агресивноста престанува да биде адаптивен менаханизам, а кога попримува деструктивни облици. Различните социјални влијанија во текот на животот ја обликуваат детската агресивност и сите овие влијанија (зависно од нивните карактеристики) му помагаат или не му помагаат на детето да управува со своите агресивни постапки. Ако децата не усвојат социјално прифатливи начини за остварување на своите цели или решавање на конфликтите, во врсничките односи можат да станат повлечени и дефанзивни, или спротивно на тоа, агресивни во остварувањето на своите цели и решавање на проблемите.

Проблемот на агресивноста кај човекот главно е проблем на самата личност, уште поточно, проблем на вредностите кои личноста ги прифаќа и кои стануваат нејзин животен модел. А тоа се учи. И тука повторно стигнуваме до точката на воспитните стилови, со оглед на фактот дека првите вредности и првата идентификација се стекнуваат во семејството. Во контекст на ова, а и во корелација со причините за појава на агресивноста кај учениците, повторно ќе ги истакнеме воспитните стилови на родителите, но овој пат ќе наведеме четири видови:

1. **Авторитарно воспитување** – тоа е случај кога родителите одлучуваат за сè што се однесува на однесувањето на нивното дете, а се темели на однапред одредени правила и норми, што обично укажува на неспособност на родителите да се приспособат на ситуациите, односно значи крутост во воспитувањето. Овој воспитен стил најчесто го става детето во ситуација на фрустрација, бидејќи при задоволувањето на своите потреби често наидува на казна, обично телесна, што може да има за последица подоцнежна агресивност.
2. **Пермисивно воспитување** – тоа е случај кога намерно се елиминираат сите фрустрации поради страв дека тие ќе создадат трауми, психолошки рани кај детето. Поради тоа на желбите на детето му се попушта и родителите настојуваат да ги отстранат тешкотиите и неуспехот. Како последица на ваквото воспитување, вообичаено се јавува недостаток од способност кај детето да ја искуси својата сила и да стекне доверба во себе и своите способности во надминување на

потешкотиите. Се раѓа општа несигурност, што понекогаш вродува со уште поголема агресивност, во споредба со авторитарниот воспитен стил.

3. **Недоследно воспитување** – воспитувањето зависи од моменталното расположение на родителите, а се движи од авторитарно до пермисивно. Таквото воспитување не му овозможува на детето потребна точка за ориентација во однесувањето, со што кај него се раѓа чувство на изгубеност, кое постепено се претвора во несигурност во себе. Поради тоа се претпоставува дека овој воспитен стил предизвикува уште поголема агресивност и насилство во однос на претходните два.

4. **Авторитативно воспитување** – се мисли на такво воспитување кое ги зема предвид потребите на детето и не се потпира на самоволен авторитаризам, а истовремено се темели и на прифатени вредности. Таквото воспитување на детето му пружа сигурност. Се претпоставува дека овој воспитен стил предизвикува или поттикнува најмалку агресивност.

Тешко е да се откријат сите причини за агресивно однесување, меѓутоа постојат низа фактори за кои со сигурност може да се тврди дека секако претставуваат потенцијален извор на проблемот со агресивноста. Некои од тие причини се:

- Семејни и генетски фактори – придонесуваат за развој на агресивното однесување, на пример при обликувањето на темпераментот на детето. Дете кое е многу активно е посклоно кон развој на агресивноста. Значајно влијание има и нивото на тестостерон во крвта, како и вишокот на едниот од машките хромозоми. Потоа, причини можат да бидат: мајка која е во тинејџерски развоен период, психички пореметувања кај родителите (алкохолизам, антисоцијално однесување и криминалитет, депресија) и интеракцијата родител - дете (мала количина на емоционална топлина и голема количина на меѓусебно непријателство во семејството).
- Ситуацијата во семејството – според многумина ова е најважниот фактор за појава на агресивност на детето. Овие ситуации во семејството се однесуваат најпрво на неповолната емоционална клима во семејството, посебно на оние со понизок социо-економски статус, антисоцијална личност на мајката или таткото, како и брачно незадоволство помеѓу родителите. Тука како причина се

вбројува воспитниот стил на родителите, односно ако тие децата ги казнуваат, ги критикуваат и им забрануваат сè, ако самите родители се однесуваат агресивно или го злоупотребуваат децата, тоа значи дека децата ќе го усвојат нивниот модел на однесување. Ако допуштаат агресивно однесување, се разбира дека децата ќе развијат такво однесување.

- Ситуацијата во општеството – особено воени околности, каде се разнишани сите вредности и правила, што се одржуваат и во училиштето и во семејството.
- Ситуацијата во училиштата – учениците стравуваат од неуспех, од неисполнување на очекувањата, преголеми очекувања поставени од наставниците и родителите, но тука се вбројува и лошата комуникација, особено со врсниците.
- Припадност на група врсници со отстапувања во однесувањето – односите помеѓу врсниците стануваат посебно важни и блиски, а надзорот на возрасните слабее, така што децата со антисоцијално однесување привлекуваат пријатели со исто такво однесување, што придонесува за длабоко вкоренување на пореметени шеми на проблематично однесување.
- Современиот стил на живеење – неквалитетно и краткотрајно време поминато со родителите, неквалитетната и брза исхрана потенцира пораст на адреналинот, што сè заедно влијае врз развојот на агресивноста кај децата, а на тоа се надополнува и влијанието на медиумите, каде сме сведоци на прикажување што повеќе насилни и агресивни сцени, дури и на цртаните филмови.

Кога се разгледува улогата на социо-економскиот статус како фактор за ризик од појава на агресивно однесување кај децата, односно во нашиов случај кај учениците, во литературата се сретнуваат противречни ставови. Имено, иако неповолниот социо-економски статус го зголемува ризикот за агресивно и антисоцијално однесување одреден број автори (како на пример Лахеј и неговите соработници, 1995) сметаат дека социо-економскиот статус на семејството не може да се смета за фактор кој директно влијае на појавата на агресивност кај учениците. Оваа група автори сметаат дека социо-економскиот статус има рефлексија на други фактори кои доведуваат до проблеми во однесувањето кај учениците. Се истакнува дека нискиот социо-економски статус, без присуство на други

фактори, е поврзан само со преодните облици на агресивно однесување. Значи, поврзаноста помеѓу социо-економскиот статус и агресивноста не е директна. Можно е нискиот социо-економски статус да ги ограничува родителите во нивните воспитни постапки, што пак може да доведе до појава на агресивно однесување кај децата (Клигор и соработниците, 2000). Друга можност е родителите својот социо-економски статус да го доживуваат како фрустрација, на која реагираат со агресивност – која потоа се пренесува како модел на однесување кај децата.

Социјалното окружување е исто така фактор на ризик за појава на агресивност кај учениците. Семејното окружување, вклучувајќи ги односите со родителите, браќата, сестрите и другите членови од семејството, се значајни за раниот развој на меѓучовечки способности, самоконтрола и морално разбирање. Освен семејното окружување, групата врсници може да има значајно влијание врз појавата на агресивно однесување кај учениците. И кај момчињата и кај девојчињата воочена е поврзаност помеѓу агресивното однесување и однесувањето на нивната група на врсници.

Постојат четири групи на фактори кои влијаат врз појавата на агресивно однесување кај децата, а различните теории за агресивноста го нагласуваат различниот придонес на поедини фактори во одредувањето на агресијата. Така, во фрустрациските теории најголемо значење се придава на емоционалните фактори, во теоријата на Бандура за социјално учење значење се придава на социјалните фактори, во когнитивните теории, секако на когнитивните фактори, додека најексплицитно значење на ситуациските фактори им придава Берковиц.

Насилството во основните училишта сè повеќе го загрижува јавното мислење во светот, а е израз на конфликти и насилство во семејството, на работното место и институциите каде се вработени родителите, како и насилството на улиците во градот каде живеат учениците и во чие окружување се наоѓа училиштето. Насилството во основните училишта е сè повеќе распространето и добива сè подраматични облици. Симптомите на криза на училиштето претставуваат облици на насилство помеѓу учениците, помеѓу учениците и наставниците, а сето тоа доведува до ерозија на идентитетот на училиштето, учениците и наставниците. Колку и да на прв поглед изгледа како внатрешен проблем, сè позаострените облици на насилство во основните училишта се тесно поврзани со

облиците и причините за насилство во семејството, меѓу групите врсници, во окружувањето на училиштето, во општеството во целина.

3.3 НАСИЛНО ИЛИ АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Во потесна смисла, насилството во училиштата се дефинира како појава на насилно однесување кое се случува во самото училиште. Тоа подразбира неколку можни односи: агресивно однесување на еден ученик спрема друг, агресивно однесување на една група ученици спрема друга група, насилно однесување на ученик/ученици спрема наставник или наставници и наставник/наставници спрема ученик или ученици. Врз основа на ваквото одредување, се стекнува впечаток дека насилството во училиштата се дефинира според самото место на случување.

Со прилична сигурност би можело да се потврди дека училишното насилство е појава која постои откако постои и самото училиште. Може да се каже дека она што сега го нарекуваме насилство во училиштата било отсекогаш присутно, но било забележувано како нешто што е нормално и неизбежно. Таков облик на однесување кај учениците се задржал се до 90-тите години на 20-от век, кога наголемо почнало да се зборува за насилството во училиштата.

Училиштето е дел општествениот систем, сè она што се случува директно во општеството, влијае и се одржува и на организацијата и животот на училиштето. Кризата на семејството и кризата на општеството посредува врз појавата на зачестеност и манифестирање на физички облици на насилство кај учениците во училиштата. Училиштето е опкружено со егзогени облици на насилство кои произлегуваат од општествениот контекст на неколку нивоа:

- Првото ниво е актуелниот контекст на општеството во долгиот период на транзиција, во текот на кој период е заострена социјалната димензија – енормно раслојување на населението, висока стапка на невработеност и сиромаштија и релативно низок животен стандард;
- Второто ниво е глобалното ниво, кое произлегува од процесот на глобализација и геостратешките интереси, чија последица беше и вооруженият конфликт во нашата

држава, што пак резултираше со етничка димензија на насилство меѓу учениците, особено во етнички мешаните училишта; и

- Третото ниво е институционалното ниво на мас-медискиот контекст – особено телевизијата, интернетот, мобилната телефонија, преку кои секојдневно се прикажуваат сцени и слики со насилство.

Откако постојат училиштата, постои и агресивното однесување меѓу децата/учениците кои престојуваат во нив. Насилството меѓу учениците е често употребуван термин во литературата кој се однесува на агресивното однесување кое се случува помеѓу учениците, а кое опфаќа широк дијапазон на манифестации на насилно однесување. Во домашната и странската литература како синоним за овој феномен се користи терминот булинг. Овој термин потекнува од англискиот збор *bulluing*, кој означува агресија на посилниот спрема послабиот, при што напагачот и нападнатата страна може да биде поединец и група.

Првата статија која се занимавала со феноменот на врсничко насилство е објавена во 19-ти век под името „Teasing and bullying“ (Burk, 1897, според Smith & Sharp, 1994). До 1978 година, кога е објавена публикацијата на книгата на Олвеус за агресијата во училиштата, не се забележани други сериозни систематски истражувања за булингот, што укажува не само на занемарувањето, туку и на толеранцијата на оваа важна појава. Експлозија од интересирања за испитување на овој феномен предизвикале истражувањата на скандинавските истражувачи кои се одвоиле во текот на 70-тите години на минатиот век, а кои биле поттикнати од трагичните случаи на самоубиства на ученици во нивните училишта. Кон крајот на 80-тите и 90-тите години на минатиот век доаѓа до пораст на интересирањата за оваа појава и од страна на истражувачи во други европски и воневропски земји.

Денес, во многу земји, насилството помеѓу врсниците се препознава како важен проблем во училиштата, кој сè почесто се согледува од различни агли. Од страна на бројни истражувачи на оваа област, булингот се смета за подвид на агресивното однесување, но се дефинира на различни начини. На пример, Olweus (1999) под булинг подразбира повторување на негативни настани насочени кон одредена индивидуа, а кои се изведувани од една или повеќе особи кои се посилни од жртвата. Според истиот автор, негативните настани можат да бидат во вид на агресивен физички контакт, како што е

тепачка и туркање, вербална закана, исмевање или злобни, бесчувствителни гестови. Rigby (2002) смета дека булингот се случува кога поединецот намерно и зачестено употребува моќ над другите, со непријателски или малициозни намери. Една група автори, под овој термин опфаќа широк спектар на физички или вербални однесувања од агресивна или антисоцијална природа, кои вклучуваат понижување, вознемирување и мобинг. Reynolds (2003) под булинг подразбира употреба на физичка, психолошка или директна вербална акција, од страна на поединец или група, со цел на другиот да му се нанесе физичка или психичка болка.

Според најчесто наведуваните дефиниции, ученикот е злоупотребуван (bullied) или виктимизиран кога повеќе пати и трајно е изложен на негативни постапки од страна на еден или повеќе ученици. Под негативни постапки се подразбира намерно повредување или предизвикување на нелагодност кај другите. Овие постапки можат да бидат вербални, во вид на закана, понижување..., и невербални, во вид на удирање, клоцање, туркање, мавање шамари, вандализам, непристојни гестови и мимики, од страна на едно лице или група насочени против друго лице или група. Langevin (2000) смета дека со земањето на намерата како клучна компонента при одредувањето на булингот, се добива можност за исклучување на повремените и помалку сериозните негативни постапки кои не се сметаат за булинг.

Евидентно е дека насилството меѓу врсниците во училиштата е сложена конструкција, со различни модалитети на искажување, чии односи не се во целост разјаснети, но и покрај различните определби на оваа појава, во литературата може да се воочат преклопувања на следните елементи:

- секое физичко или психичко насилно однесување насочено спрема децата од страна на нивните врсници, изведено со цел нивно повредување;
- повторување на насилниот образец со нерамноправен однос на силите на две нивоа: послини против послаби.

Најпрецизна поделба на булингот се сретнува во прашалникот за булинг на Kallestad & Olweus, 2003, според кој булингот се класифицира на девет начини:

1. Вербалниот булинг подразбира понижувачки коментари и надимаци;
2. Булинг изразен преку изолација и озборување;
3. Физичко насилство како што е удирање, клоцање, туркање, плукање;

4. Булинг изразен преку ширење на гласини и лаги;
5. Земање пари или оштетување на предмети во училиштето;
6. Присилување да се направи нешто што не се сака;
7. Најразлично злоставување;
8. Сексуално злоупотребување и
9. Злоупотребување преку интернет и мобилни телефони.

Насилството и агресивното однесување во училиштата е сè повеќе распространето и добива сè потешки облици. Тоа е најчеста форма на кршење на човековите права, односно детските права. Колку и да изгледа на прв поглед како внатрешен проблем, сè позаострените облици на агресивност во училиштата се сепак тесно поврзани со облиците и причините на насилство во семејството, меѓу врсниците, во окружувањето на училиштето, во општеството во целина. Ништо не е пострашно од ситуација кога некому му се ускратени некои од основните човекови права, од дружење со лица со кои некој сака да се дружи, од одење слободно низ училишните ходници... Во насилството помеѓу врсниците тоа се случува без никаква посебна или барем разбирлива причина.

Училиштето е институција во која децата/учениците поминуваат сè повеќе време и покрај образовната функција, тоа има и воспитна функција, но исто така и функција на пренесување на општествено посакувани вредности. Насилството, агресијата или виктимизацијата е ситуација кога еден ученик повеќе пати и трајно е изложен на негативни постапки од страна на еден или повеќе ученици. Кога се користи поимот агресивност или насилство, не треба под тој поим да се подразбира ситуација кога се конфронтираат два ученика со приблично еднакви телесни и ментални сили. Значи, агресивното однесување или насилното однесување се подразбира кога постојат несразмерни сили помеѓу насилникот и жртвата, односно ученикот жртва изложен на негативните постапки тешко може да се брани и е беспомошен во однос на насилникот.

Според Olweus, агресивното однесување е постојана индивидуална особина и може да се заклучи дека насилник или жртва може да се биде долго време, често и по неколку години. Насилството меѓу врсниците може да се набљудува како составен дел на асоцијалното однесување и како кршење на прописите на насочените обрасци на однесување. Според тоа стојалиште, разумно е да се предвиди дека учениците од основните училишта кои се агресивни и склони кон злоставување на другите, се изложени

на поголема опасност на проблематично однесување во подоцнежниот период од животот, како што се злоупотреба на алкохол, дрога и криминал[7].

3.4 МОЖНИ НАЧИНИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ИЛИ НАМАЛУВАЊЕ НА АГРЕСИВНОСТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Денес, четириесетина години после првите истражувања на насилството меѓу врсниците, многу стручњаци нагласуваат дека појавата на насилство или агресивност во училиштата и понатаму има тенденција на раст и во светот и кај нас. Значи, насилството меѓу врсниците како облик на агресивно однесување е сè повеќе застапено во современото општество. Со насилство во училиштата и денес се соочуваат голем број на ученици, а со тоа и наставниците и родителите. Насилството меѓу врсниците може да доведе до многу негативни последици, како физички, така и психолошки, кои можат и долго да траат.

Под насилството меѓу врсниците се подразбира секое физичко или психичко насилно однесување, насочено спрема децата од страна на нивните врсници, кое е направено со цел повредување и повторување на истиот образец на однесување со намера другиот врсник да се повреди. Самата дефиниција, која вклучува намерно повредување, повторување на истата активност со иста цел, доминација на сила и слично, обврзува на неопходност од организирана, систематска акција на планот на превенција и создавање на позитивна атмосфера во секоја училница во која секој ученик ќе се чувствува сигурно и прифатено.

Алан Л. Бин во книгата „*Училница без насилство*“[8] на многу едноставен и прифатлив начин го објаснува насилството во училиштето и покажува како да се препознае, спречи и создаде училиште во кое ќе нема насилство или агресивно однесување: **„Не постои ниту една посебна причина поради која некој ученик станува насилник, туку разни фактори од неговата средина доведуваат до развој на**

[7] Исрцпните истражувања на Д. Олвеус недвосмислено го потврдиле овој став. Приближно 60% од момчињата во основните училишта кои биле означени како насилници во стапка од 6-9 од нив барем еднаш биле осудувани до старост од 24 години. Уште полошо од тоа, дури 35-40% од дотогашните насилници до таа возраст биле осудувани три и повеќе пати, додека тоа било случај кај дури 10% од набљудуваните момчиња кои не биле ниту насилници ниту жртви во стапка од 6-9. Според тоа, поранешните училишни насилници имале како возрасни, четири пати повеќе удел во размерно тешкиот, рецидивен криминал.

[8] Д-р Алан Л. Бин, Училница без насилство, Креативен центар, Белград, 2004, стр. 8-9

агресивно однесување. Со оглед дека ова однесување е научено, од него може и да се одучи.“

Агресијата или насилството е образец на непочитување на другите, кој потекнува од средината во која живееме, а која на некој начин го прифаќа, применува или одобрува таквото однесување. Ситуација во која денес во училиштето се случува насилство меѓу врсниците е последица на различни конфликти. Три нови клучни збора можат да ја променат училишната средина на подобро:

- *Правила* - Родителите и вработените во училиштето мора да покажат дека држат сè под контрола и дека нема да толерираат било кој ученик да повредува друг ученик, физички или ментално.
- *Права* - Секој ученик има право да не биде повреден и да учи во безбедна средина.
- *Одговорност* - Наставниците мора да бидат одговорни за подобар надзор и внимателно надгледување. Ако го отстрануваат стравот кај учениците, ќе можат поуспешно да ги извршуваат своите работни задачи. Учениците, исто така, мора да бидат одговорни за почитувањето на правата на другите во одделението, како и за сопствените права.

Ангажманот на родителите, наставниците, педагошко-стручната служба на училиштето, управата, учениците и заедницата имаат одлучувачко значење при спречувањето на агресивно или насилно однесување од страна на учениците во училиштето. Колку е поголема групата на заинтересирани родители, наставници и припадници на локалната заедница за состојбите во училиштето, толку ќе биде подобро во училишната средина, а со тоа ќе се влијае на намалување или спречување на агресивното однесување меѓу учениците.

Првиот европски семинар за насилство во училиштата е одржан во август 1987 година. Иако веќе постоеле некои програми посветени на борбата против училишното насилство во Германија, САД, Белгија, Австрија, Швајцарија, Австралија, сепак овој прв семинар поттикнал движење на голем број превентивни програми и компаративни истражувања за агресивноста меѓу учениците во другите европски земји, пред сè во Велика Британија, Ирска и Финска. Во програмата на Европската комисија „Петта рамка“, во периодот 1998 - 2002, биле реализирани шест програми кои се однесувале на

училишното насилство. Целта на еден од тие проекти била да се прикаже и спореди ситуацијата во 15 земји членки на Европската Унија и уште две други европски држави. Генерално било прифатено дека околу 5% од учениците доживуваат насилство барем еднаш неделно или почесто, при што овој процент е нешто повисок кај ученици од основните училишта отколку кај ученици од средните училишта, и дека овој процент е нешто повисок кај момчињата во однос на девојчињата.

Процесот на конструктивно разрешување на конфликтите не е едноставен, но е возможен. Стручњаците веќе со години наназад ги проучуваат и практично ги усовршуваат методите на ненасилно излегување од конфликтите. Главната цел на програмите би требало да биде насочена кон елиминација на постоечките проблеми на насилникот/жртвата во училишното опкружување и надвор од него и да се спречи појавата на други проблеми. Со превенција на насилството во образовните установи, треба да се постигне унапредување на безбедноста на учениците, подобар квалитет во работата на установата и, долгорочно, стекнување на вештини неопходни за конструктивно и ненасилно решавање на идните проблеми.

Ниедно наслиство не смее да се оправдува, особено не она меѓу учениците во училиштата. Во таа смисла, потребна е заедничка и ефикасна акција во правец на намалување на насилството и агресивното однесување кај учениците, во која акција ќе се активираат сите расположливи сили и ресурси во општеството, како во образованието, така и во другите сектори кои можат да ги поддржат овие активности (полицијата, социјалните служби, здравството, локалната самоуправа, цивилниот сектор). Пристапот на намалување на училишното насилство бара анализа на неговите причини и мотиви и врз основа на тоа треба да се направи сеопфатна стратегија и програма за борба против последиците од насилството и агресивното однесување кај учениците.

Програмите за намалување на училишното насилство треба да опфатат повеќе нивоа:

- Индивидуално (ученици кои манифестираат некој облик на агресивност);
- Семејството на ученикот;
- Одделението, односно училницата;
- Училиштето во целина како институција;
- Градот или локалната заедница и

- Образовниот систем како потсистем на општествениот систем.

Програмата на Д. Олвеус против исмејување на учениците во Норвешка се користи и во Австрија, Финска и Германија. Програмата за безбедно училиште е распространета во Португалија и Обединетото Кралство. Кај нас во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ е изработен прирачник под наслов „Запирање на насилството во училиштата – упатство за наставниците“, како и Прирачник за училиштата под наслов „Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата“, во соработка со Советот на Европа. Сите овие програми и иницијативи се добро опишани, разработени и испечатени како брошури или прирачници за вработените во училиштата и учениците. Некои од иницијативите немаат за цел директно намалување на насилството, туку се насочени кон подобрување на превенцијата. На пример, Данска има Парламентарен ден за деца, кога тие можат да се искажат и да гласаат за прашања поврзани со училиштето и што и како треба да се подобри. Има и други слични програми, насочени кон подобрување на климата во училницата и во училиштата, преку едукација на наставниците и другите лица во училиштето за да се зацврсти личното и општественото образование на учениците. Таков е Програмот „Да знаеш – да живееш“ на Исланд. За училиштата да успеат да го спречат и намалат насилството меѓу врсниците, неопходно е воспоставување на мост помеѓу училиштето и родителите (семејството) на ученикот со цел да се зголеми грижата за децата и нивното воспитување и учење, грижа за тоа како го поминуваат слободното време итн.

***

Од антрополошки аспект, човекот е насилно суштество не само по својата природа, туку и поради тоа што насилството или агресивноста се учат, стекнуваат во процесот на социјализација во одреден општествен и културен контекст, бидејќи тој може да живее и без насилство. Општествената стварност во која живееме, нарушениот вредносен систем, непочитувањето на моралните принципи и норми, разорувањето на семејниот систем, имаат влијание врз создавањето на поволен амбиент за проширување и зацврстување на девијантното однесување кај учениците. Многумина се претвораат во насилници и се однесуваат агресивно, а голем број од нив стануваат и нивни жртви.

Според типичните обележја на учениците – жртви на агресивно или насилно однесување, Олвеус ги сврстува во две групи:

- Пасивен или подложен тип на жртва и
- Провокативен тип на жртва.

Однесувањето и ставовите на пасивните жртви укажува дека станува збор за несигурни личности кои нема да возвратат на нападот или навредата. Нив им е својствено плашливото однесување или подложен образец на реакции споен со телесна слабост. Втората група на жртви, провокативниот тип, е карактеристичен по поврзаноста помеѓу плашлив и агресивен образец на однесување. Учениците од оваа група имаат потешкотии со концентрацијата, поради што развиваат раздразливост и напнатост околу себе. Нивното однесување ги предизвикува многу ученици од одделението, често и целото одделение, поради што поголемиот број на ученици негативно реагираат на таквото однесување. Во оваа група се сретнуваат и хиперактивните ученици.

Типичниот насилник го одвојува од другите ученици неговата агресивност спрема врсниците. Општо гледано, насилните ученици имаат позитивен став спрема насилството и се склони кон агресивно однесување во однос на другите ученици, а често се агресивни и спрема возрасните, како спрема наставниците, така и спрема родителите. Исто така, често им е својствена непредвидливоста и силната потреба да владеат со другите и немаат сочувство спрема жртвата. Според тоа, во насилното или агресивното однесување на учениците може да се забележат неколку карактеристични особини, како што се:

- Се однесуваат агресивно спрема родителите, наставниците и другите ученици;
- Доминираат и на тој начин бараат внимание, признание;
- Мислат дека се подобри или повредни од другите;
- Си даваат себи си за право да ги контролираат другите така што физички ќе ги напаѓаат другите ученици или ќе ги омаловажуваат;
- Не ги прифаќаат различностите и не се толерантни;
- На другите им делуваат супериорно;
- Импулсивни се;
- Манипулативни;
- Можат да имаат изразена потреба за стекнување корист (материјална).

Наведените видливи особини на учениците кои се однесуваат агресивно упатуваат на важноста за разбирање на подлабоките слоеви на детското доживување на светот. Под ваквата супериорна слика обично се крие базична несигурност, сомнеж во сопствените вредности и слабо самопочитување. Во светлото на овие сознанија, агресивното однесување на учениците може да се разбере како нивен начин на одбрана од напнатоста, која пак поттикнува чувство на несигурност, потиштеност и депресија. За да се ослободат од внатрешната напнатост, тие гледаат надворешна опасност и бараат непријатели, ги забележуваат „намерните“ провокации и закани, дури и спрема пријателските однесувања. Ваквиот став ги поттикнува на развој на омраза, бес и презир, што може да се искаже преку одредени облици на агресивно однесување.

→ *Постапка со ученик кој извршил насилство при агресивно однесување*

Училиштето прво мора да ја засили воспитната работа со ученикот кој извршил насилство и агресивно се однесувал спрема друг ученик, како и да оствари соработка со неговите родители. Доколку тоа не вроди со плод, или станува збор за тежок облик на насилство, задолжително се води постапка за утврдување на одговорност и казнување, т.н. воспитно-дисциплинска постапка. Во таа постапка ученикот може да биде казнет со укор од директорот или наставничкиот совет, а учениците од основните училишта можат само да бидат префрлени во друго училиште, и тоа со согласност на родителите и другото училиште. Ако пак е извршено некое кривично дело или прекршок, за тоа се известува полицијата, па доколку се работи за насилник постар од 14 години, против него ќе се води и прекршочна или кривична постапка.

Тешки повреди направени од страна на ученик кои имаат врска со насилство се:

- уништување или кражба на имотот на училиштето, ученикот или вработен;
- поттикнување на друг ученик на употреба на алкохол, цигари или дрога;
- внесување на оружје или други опасни предмети во училиштето;
- свесно непридржување до правилата и мерките за безбедност на учениците;
- употреба на мобилни телефони и други уреди за загрозување на нечии права.

Воспитно-дисциплинската постапка ја покренува директорот на училиштето. Кога ученикот ќе го изврши насилството, училиштето за тоа веднаш ги известува родителите и ги вклучува во постапката. Ученикот против кого се води постапката, како и сите останати учесници и сведоци на инцидентот, мора да бидат сослушани, и тоа во присуство на

родителите, иако наместо тоа можат да дадат писмена изјава. Важно е да се напомене дека воспитно-дисциплинската мерка може да се изрече само доколку училиштето претходно ја имало засилено воспитната работа со ученикот. Ако тоа не го направило, мора да го направи пред комисијата да ја изрече казната.

Г Л А В А 2

МЕТОДОЛОШКИ ДЕЛ

Истражувачкиот дел во овој магистерски труд, под наслов „Влијанието на условите и воспитните стилови во семејството врз агресивноста кај учениците“ ќе ни ги дефинира предметот, целите и задачите на истражувањето. По дефинирање на предметот, целите и задачите на истражувањето, ги определивме хипотезите и варијаблите, а за да можеме сето тоа да го спроведеме и реализираме, со цел да добиеме релевантни податоци, користевме примерок за истражување или соодветно избрани испитаници, при што употребивме методолошки техники и инструменти за истражување.

2.1 Предмет на истражување

Предметот на истражување во овој магистерски труд е согледување на влијанието кое го имаат условите и воспитните стилови во семејството врз агресивноста кај учениците, во конкретниов случај врз учениците од основно образование. Како посебни услови во семејството ќе бидат земени предвид работниот статус и месечните примања на родителите/старателите на учениците. Во насока на воспоставени односи меѓу членовите на семејството, посебно ќе се разгледаат воспитните стилови кои ги применуваат родителите/старателите спрема учениците, кои ќе бидат земени како истражувачки примерок. Воспитните стилови само ќе ни послужат за еден вид компаративно надополнување на она што ќе се употреби како техника и метод на истражувањето.

2.2 Цел на истражувањето

Основна цел на истражувањето во магистерскиот труд е да се испита влијанието на условите и воспитните стилови во семејството врз агресивноста на учениците, додека посебите цели се се групирани како:

1. Прва посебна цел е да се испита колкаво влијание имаат социо-економските услови на семејството во кои живеат учениците врз појавата на агресивно однесување кај

нив, при што под социо-економски услов ќе се подразбира работниот статус на родителите/старателите и нивните приходи.

2. Втора посебна цел е да се испита колкаво влијание имаат психосоцијалните услови на семејството во кои живеат учениците врз појавата на агресивно однесување кај нив, при што под психосоцијални услови се подразбираат воспоставените односи помеѓу членовите на семејството, на релација мајка - ученик, татко - ученик, брат/сестра - ученик, мајка - татко, мајка - брат/сестра, татко - брат/сестра, како и степенот на задоволеност на емоционалните потреби на учениците, при што тука влегуваат воспитните стилови на родителите.

2.3 Задачи на истражувањето

Како задачи на истражувањето во магистерскиот труд се поставени две, а тоа се:

- Да се испита влијанието на условите во семејството врз агресивноста кај учениците;
- Да се испита влијанието на воспитните стилови кои ги употребуваат родителите врз агресивноста кај учениците.

2.4 Хипотези на истражувањето

Хипотезите на истражување во магистерскиот труд произлегуваат од поставениот предмет и цели, па оттаму се поставени една главна хипотеза и неколку помошни.

Главна хипотеза на истражувањето: Претпоставувам дека условите и воспитните стилови во семејството имаат влијание врз агресивноста на учениците.

Посебни хипотези на истражувањето:

- Претпоставувам дека социо-економскиот статус на семејството има влијание врз агресивноста на учениците,
- Претпоставувам дека примената на видот на воспитни стилови во семејството има влијание врз агресивноста кај учениците.

2.5 Варијабли на истражувањето

Како определени варијабли во магистерскиот труд се издвоени следните:

- Работен статус на членовите на семејството како фактор за агресивност кај учениците;
- Месечните примања во семејството како фактор за агресивност кај учениците;
- Воспитните стилови на родителите како фактор за агресивност кај учениците.

2.6 Методи, техники и инструменти на истражувањето

Како метод ќе се користи дескриптивниот, што значи ќе се врши еден вид компаративна анализа на добиените податоци, односно резултати од истражувањето; како техника ќе користиме арт-техника, односно цртеж на семејство кое ќе го цртаат учениците опфатени со истражувањето, врз основа на кои цртежи ќе можеме да поврземе и изведеме заклучок кој воспитен стил доминира во семејството и дали постои сомневање и констатација за присуство на агресивност кај ученикот.

Техники и мерни инструменти

Во процесот на истражување користена е проективна техника – цртеж на човечка фигура Machover, како и цртеж на куќа и дрво – HTP. Цртеж на човечка фигура е проективна техника која ја има воведено Machover (1949), која забележала индивидуални разлики во детските цртежи, без разлика на истоветноста на нивната интелигенција. Маховер-техниката е дијагностичка постапка која бара многу малку време за примена, наидува на добар одзив кај испитаникот, а како психодијагностичка техника е напримeнувана во клиничката психологија. Оваа техника нуди извесни информации кои се релевантни за длабинска проценка на личноста.

Цртежот на човечка фигура не претставува „микро-филм на биографија“ на личноста. Тоа претставува селекција на одредени потреби и конфликти. Она што испитувачот го заклучува од цртежот за испитаникот, е засновано на неколку пораки кои пак испитувачот ги поврзува (J. Berger, 2004).

Основна идеа на Маховер-техниката е дека графомоторната изведба на цртежот на човечка фигура носи одредени обележја, во смисла на специфичности или грешки кои кореспондираат со психодинамиски феномени. Притоа, цртежот е дефиниран како „субјективна слика за субјективниот свет“.

При задавање на Маховер-техниката, од испитаникот се бара да нацрта две човечки фигури од различен пол. Проценката се врши во неколку фази:

- Во првата фаза се врши анализа на деталите од цртежот, на сè што е прикажано на него, кои содржини се издиференцирани. Сите детали во детскиот цртеж може да варираат од комплетен, богат и издиференциран, до негова спротивност, односно непотполен, сиромашен и недоволно издиференциран. Маховер смета дека цртежот претставува претстава која испитаникот ја има за себе и за лица блиски на неа. Листата на елементи кои се анализираат во цртежот се: глава, труп, нозе, стапала, уста, очи, брада, уши, веѓи, нос, коса, врат, рамена, струк, шака, прсти, гради, зеници, како облека и детали – фустан, одело, кондури, шешир, стап.
- Втората фаза на анализа на цртежот е подлабока и се анализира на кој начин секој дел е претставен и според тоа, кое е неговото значење. Маховер оваа фаза ја решава комбинирајќи:

- Графолошки пристап,
- Критериуми на грешки при цртањето,
- Психоаналитичка симболика,
- Осетливост и искуство од клинички тип.

Друга серија на знаци кои се земаат предвид при анализа на цртежот се следните:

1. Големина на цртежот;
2. Оддалеченост од ивицата: лево – десно, горе – долу;
3. Пропорционалност на елементите;
4. Силата на стискање на хартијата при цртањето;
5. Симетричноста;
6. Нагласени зони: горни, средни, долни.

Значи, техниката на Маховер е проективна, мултидимензионална и психодинамиски насочен пристап кон личноста. Оваа проективна техника ни дава податоци за чувството на неадекватност и несигурност, параноидност, психосексуална идентификација, агресивноста, ниво на енергија кај испитаникот. Воедно, Маховер смета дека испитаникот низ цртежот ги соопштува сопствените цензури, несвесни доживувања на сопствената личност во светот, своите конфликти, потреби.

2.7 Популација и примерок на истражувањето

Популацијата е конечна, односно затворена, а тоа се родители и ученици во учебната 2020/2021 година; примерокот е намерен и стратификуван. Испитаници се ученици од второ и трето одделение, како и родители на ученици од истите одделенија. Се одлучивме да бидат опфатени ученици од овие пониски одделенија, со цел да видиме во која насока се движи нивното однесување, дали е загрижувачко присуството на агресивност и на оваа возраст и дали може да се делува во негово намалување. Родителите како испитаници ги земавме со цел да утврдиме кои воспитни стилови се употребуваат при воспитувањето на нивните деца, а со утврдување на видот на воспитен стил, да можеме да направиме едно поврзување помеѓу воспитниот стил и Маховер-техниката наменета за ученици кои требаше да нацртаат цртеж со човечка фигура/и, односно да го прикажат своето семејство.

2.8 Обработка на податоците на истражувањето

Што се однесува до обработката на податоците добиени од истражувањето, што ќе се спороведе за целите на магистерскиот труд, ќе помине четири фази, а тоа се: фаза на собирање податоци, фаза на групирање и прикажување на податоците, фаза на анализа на податоците и фаза на заклучување или дискусија.

Г Л А В А 3

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО И ДИСКУСИЈА

За истражувањето да биде успешно спроведено и да добиеме квалитативни податоци, вкупно 26 ученика беа испитаници и од нив беше побарано да го нацртаат своето семејство. Истовремено, истражувањето го помогнаа и зацврстија родители на ученици од основно училиште. Вкупниот број на родители – испитаници коишто беа опфатени во истражувањето е 44 и тие одговорија на Скала за проценка на воспитните стилови составена од 34 ајтеми.

Табела 2: Полова структура на учениците

Пол	**Број на ученици/испитаници**
Машки	**11**
Женски	**15**
ВКУПНО:	**26**


Од табелата може да се забележи дека од учениците кои се испитаници во истражувањето, 11 или 42% се од машки пол, а 15 или 58% се од женски пол. Од нив 17 се на возраст од 7 до 8 години, а 9 се на возраст од 8 до 9 години. Од 17-те ученици на возраст од 7 до 8 години, 6 се од машки пол, 11 од женски пол. Од 9-те ученици на возраст од 8 до 9 години, 5 се од машки пол, 4 се од женски.



Графикон 1: Полова структура на учениците испитаници

Табела 3: Возраст на учениците

Возраст	**Број на ученици/испитаници**
7 – 8 години	**17**
8 – 9 години	**9**
ВКУПНО:	**26**




Графикон 2: Возрасна структура на учениците испитаници

Што се однесува на родителите како испитаници, од вкупно 44 кои одговориле на прашањата од Скалата за проценка на воспитните стилови, 6 се од машки пол, 38 се од

женски пол. Бидејќи немаме рамноправна родова застапеност, можеби и не можеме со 100% сигурност да го утврдиме воспитниот стил кој доминира во семејството на ученикот, но сепак од одговорите можеме да извлечеме заклучоци кои даваат простор за дискусија. Возрасната структура на оваа група испитаници е следна: од 20 до 30 години се 4 испитаници, од 30 до 40 години се 29 испитаници, од 40 до 50 години се 10 испитаници, и само 1 испитаник е на возраст од над 50 години. Во однос на степенот на образование на родителите, 3 се со основно образование, 23 со средно образование и 18 со високо образование, а 38 од нив се вработени, 6 не се вработени. Најголем процент или 47,7% (21) од испитаниците имаат месечни примања од 15 до 20.000,00 денари, 19 или 43,2% имаат месечни примања од 20 до 30.000,00 денари, а само 4 или 9,1% имаат над 30.000,00 денари месечни примања. Во продолжение табеларно се прикажани социо-демографските карактеристики на испитаниците:

Табела 4: Полова структура на родителите/испитаници

Пол	Број на родители/испитаници
Машки	**6**
Женски	**38**
ВКУПНО:	**44**



Графикон 3: Полова структура на родителите испитаници

Табела 5: Возрасна структура на родителите/испитаници

Возраст	**Возраст на родителот/старателот како испитаник**
20 – 30 години	**4**
30 – 40 години	**29**
40 – 50 години	**10**
Над 50 години	**1**
ВКУПНО:	**44**



Графикон 4: Возрасна структура на родителите како испитаници

Табела 6: Образовна структура


Степен на образование	**Број на родител/старател како испитаник**
Основно	**3**
Средно	**23**
Високо	**18**
ВКУПНО:	**44**



Графикон 5: Образовна структура на родителите како испитаници

Табела 7: Работен статус на родителите како испитаници

Работен статус	**Број на родител/старател како испитаник**
Вработен	**38**
Невработен	**6**
ВКУПНО:	**44**



Графикон 6: Работен статус на родителите како испитаници

Табела 8: Месечни примања

Месечни примања	**Број на родител/испитаник**
15 – 20.000,00 ден.	**21**
20 – 30.000,00 ден.	**19**
Над 30.000,00 ден	**4**
ВКУПНО:	**44**



Графикон 7: Месечни примања во семејството

КВАЛИТАТИВНА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Спроведеното истражување е од квалитативна природа. Според тоа, истражувањето ќе се заснова на квалитативна обработка на добиените податоци. За таа цел, секој цртеж добиен од децата ќе биде шифриран со реден број од 1 до 26, заради запазување на дискретноста и заштитата на лични податоци. Во продолжение ќе дадеме краток опис на значењето на секој цртеж од учениците според Маховер проективната техника.

Цртеж бр.1



Детето од цртежот означен со реден број 1 доаѓа од семејство каде двајцата родители се вработени во приватен сектор. Месечните примања во семејството се над 30.000,00 денари. Кај родителите преовладува попустливиот воспитен стил, што укажува дека родителите своето отсуство или недостатокот на квалитетно поминато време со своите деца сакаат да го компензираат преку дозволување, попуштање и остварување на секоја т.н. желба на детето. Од цртежот на детето пак се забележуваат знаци на агресивност кои се гледаат од следните индикатори: широки рамена, празни очи, долги раце, нема дланки и стапала.

Цртеж бр.2



Родителите на детето од цртеж означен со број 2 се вработени во приватен сектор и нивните месечни примања се од 20 до 30.000,00 денари. Од одговорите на Скалата за проценка на воспитниот стил, тука преовладува авторитарниот воспитен стил. Иако на цртежот е потенцирано Сонце, маса која е подготвена за заеднички ручек, сепак се забележани знаци за агресивност кај детето, кое го има цртано овој цртеж. Човечките фигури имаат долги раце, сите се прикажани како стојат во агресивен став, усните зе изразени или истакнати, нацртани се и две дрва чии стебла се задебелуваат, што е знак за агресивен начин на реагирање. Сепак, кај родителите се забележува тенденција за правилно воспитување и однесување спрема децата, настојувајќи да поминат поквалитетно време со своето дете.

Цртеж бр.3



На овој цртеж индикатори кои укажуваат дека постои агресивност кај ученикот се следни: долги раце, широки рамена, големи прсти, агресивен став на стоење, нагласен нос. Кај мајката се нацртани зашилени прсти и една шака е прикажана во вид на ракавица само со палец – знак за потисната агресија. Родителите се вработени во приватен сектор, поголемиот дел од времето го поминуваат на работа. Месечните примања им се од 15 до 20.000,00 денари, а воспитниот стил кој го применуваа е попустливиот, тежнеејќи да им удоволат на децата како компензација за времето што не го поминуваат во домот.

Цртеж бр.4



Во ова семејство родителите се вработени во приватен сектор и месечните примања им се над 30.000,00 денари. На цртежот нема знаци на агресивност, иако родителите работат во приватен сектор и иако доминира попустливиот воспитен стил.

Цртеж бр.5



На цртежот со реден број 5 не забележав знаци на агресивност, иако е малку специфичен. Сите членови од семејството се нацртани со иста големина, се искачуваат на некоја височинка која наликува на планина и доминира зелената боја. Родителите се вработени во приватен сектор. Според нивните одговори на Скалата за проценка на

воспитен стил, овде доминира одбегнувачкиот воспитен стил, а месечните примања им се од 20 до 30.000,00 денари.

Цртеж бр.6



Родителите на детето на цртеж бр.6 се вработени во приватен сектор и нивните месечни примања се од 20 до 30.000,00 денари. Иако можеби незначителни, сепак има знаци на агресивност, како што се: изоставени делови (дланки, стапала, нос и уши), а специфично е тоа што на другата страна од листот детето ја има нацртано својата баба. Доминантен воспитен стил во ова семејство е попустливиот.

Цртеж бр.7



На овој цртеж има забележливи знаци на агресивност – брада, испуштени делови од телото, продорни очи што е знак за агресивно социјално однесување. Едниот од родителите е вработен во државен сектор, а другиот родител е вработен во приватниот сектор. Месечните примања им се над 30.000,00 денари, а воспитниот стил е одбегнувачкиот.

Цртеж бр.8



Месечните примања во семејството на детето од цртежот број 8 се над 30.000,00 денари. Едниот родител е вработен во приватен сектор, а другиот родител е вработен во државен сектор. Авторитарниот воспитен стил е доминантен, според одговорите на добиени од Скалата за проценка на воспитен стил. Индикатори кои укажуваат на постоење агресивност кај ученикот се: сенчани веќи, брада, нагласени ноздри, големи глави.

Цртеж број 9



Ова е цртеж на дете со Даунов синдром. Има одредени знаци на агресивност, како што се продорни големи очи и големи дланки, но со оглед на состојбата на детето, не знаеме дали ова можеме да го определиме како индикатори за агресивност. Едниот родител е вработен во државен сектор, а другиот родител во приватниот сектор. Месечните примања се над 30.000,00 ден. Доминантен воспитен стил е попустливиот.

Цртеж бр.10



Месечните примања во ова четиричлено семејство се над 30.000,00 денари. Двајцата родители се вработени во приватен сектор. Поголемиот дел од времето го поминуваат на работа, па децата поголемиот дел од денот го поминуваат сами. Како што може да се забележи од самиот цртеж, има знаци на агресивност, како што се: долги нозе и раце, истакнати веѓи, недостасуваат делови од телата, а карактеристично е тоа што од


едната страна на куќата се нацртани братчето и сестричето, а од другата страна се мајката и таткото. Тука доминантен е попустливиот воспитен стил.

Цртеж бр.11



Родителите во ова семејство се вработени во приватен сектор, а месечните примања се над 30.000,00 денари. Од одговорите на тврдењата во Скалата за проценка на воспитни стилови, добиени се податоци дека родителите применуваат авторитарен воспитен стил. Воедно, забележливи се знаци за постоење на агресивност, како што се: празни очи, испуштени делови од телото, нацртани се и дрва со дебели стебла, како и непропорционалност во самата конструкција на телата.


Цртеж бр.12



Двајцата родители од цртежот со реден број 12 се вработени во приватен сектор со месечни примања над 30.000,00 денари. Воспитен стил кој доминира е одбегнувачкиот. Индикатори кои укажуваат на постоење агресивност се: долги нозе, истакнати трепки,

продорен поглед, шака во вид на ракавица само со палец, а специфично е што на една страна се нацртани машките ликови, а на друга страна женските ликови. Воедно, сите погледи се насочени како во „празно“ (не гледаат еден во друг), што се забележува оддалеченост еден од друг.

Цртеж број 13



Мошне карактеристичен цртеж, кој на некој начин ги отсликува во најголем број случаи денешните нуклеарни семејства. Родителите се вработени во приватен сектор со месечни примања од над 30.000,00 денари. Самото дете има кажано дека родителите речиси цело време се на работа и детето е постојано само. Не само што има забележливи знаци на агресивност, туку кај детето постои и анксиозност и интровертност. Доминантен воспитен стил во ова семејство е одбегнувачкиот.

Цртеж бр. 14




Родителите на ученикот од цртеж со реден бр.14 се вработени во приватен сектор. Нивните месечни примања се над 30.000,00 денари, а воспитниот стил кој е доминантен во ова семејство е авторитативниот. Има знаци на агресивност, а тоа се изоставени делови од телото, агресивен став на стоење на таткото, кој се наоѓа сам на другата страна од куќата.

Цртеж бр.15



Во ова семејство нема знаци на агресивност, освен што на таткото е нацртана брада, па ако само тоа може да се земе како индикатор за агресивно однесување кај ученикот. Од друга страна, гледаме една весела семејна атмосфера, каде сите играат и се среќни, а од страна се забележува ЦД-плеер на кој е пуштена музика. Според одговорите на Скалата за проценка на воспитниот стил, во ова семејство доминира авторитарниот воспитен стил. Родителите се вработени во приватен сектор и нивните месечни примања се над 30.000,00 денари.

Цртеж бр.16



Ова е цртеж на дете чии родители се разведени. Прикажани се сите членови од неговата најблиска фамилија. Месечните примања се над 30.000,00 денари, а родителите се вработени во приватен сектор. Доминира попустливиот воспитен стил. Има знаци на агресивност, како што се: долги раце и нозе, стиснати нозе една до друга, недостасуваат делови од телото, зашилени прсти на дланките.


Цртеж бр.17



Мајката и таткото на ученикот од цртежот со реден бр.17 се вработени во приватен сектор. Месечните примања им се од 20 до 30.000,00 денари. Преовладува одбегнувачкиот

воспитен стил, и воедно има изразени знаци на агресивност. Индикаторите за постоење на агресивност кај овој ученик се: стиснати нозе една до друга, имаат сенчани очи, недостасуваат делови од телата, има неправилни или прекинати линии при цртањето на човечките фигури, постои несразмероност помеѓу деловите на телата.

Цртеж бр.18




Родителите на ученикот од цртежот под реден број 18 го применуваат одбегнувачкиот воспитен стил. Нивните месечни примања се над 30.000,00 денари, при што мајката е вработена во приватен сектор, а таткото во државен. Овој цртеж е мошне конфузен. Не можат да се идентификуваат ликовите, само е забележлива позицијата на мајката која со телефон во рака лежи на кревет, додека останатите членови од семејството, односно детето прави што сака. Кровот на куќата не е поврзан со самата куќа. Забележливи се знаци на агресивност кај ученикот, како што се долги раце, недостаток на делови од телото, сенчани глави, нецелосно нацртани човечки фигури.

Цртеж бр.19



На цртежот бр.19 се забележуваат знаци на агресивност кај ученикот преку следните индикатори: долги нозе, сеначни очи, големи прсти, изразен нос. Родителите го применуваат попустливиот воспитен стил при воспитувањето на ученикот. Тие се вработени во приватен сектор и нивните месечни примања се над 30.000,00 денари.

Цртеж бр.20



Цртежот на ученикот со реден бр.20 го прикажува семејството заедно во некој парк. Човечките фигури се прикажани со споени нозе една до друга, што е знак за постоење на анксиозност, неодстасуваат делови од телото, што е знак за агресивност, но

други индикатори за постоење на агресивност кај ученикот не се забележливи. Родителите се вработени во приватен сектор, а нивните месечни примања се над 30.000,00 денари. Воспитен стил кој го применуваат при воспитување на своето дете (или деца) е попустливиот воспитен стил.

Цртеж бр.21



Родителите на ученикот од цртежот со реден бр. 21 се вработени во приватен сектор и се со месечни примања од над 30.000,00 денари. При воспитувањето на ученикот го применуваат попустливиот воспитен стил. Освен што недостасуваат дланки на човечките фигури, што е индикатор за несигурност или чувство на вина, индикатори за постоење на агресивност кај ученикот не се забелжливи.

Цртеж бр.22



Според податоците добиени од Скалата за проценка на воспитниот стил, родителите на ученикот од цртеж бр.22 го применуваат одбегнувачкиот воспитен стил. Тие се вработени во приватен сектор и нивните месечни примања се од 20 до 30.000,00 денари. Индикатори кои укажуваат на постоење агресивност кај ученикот се: долгите нозе на човечките фигури, празните очи, остри зашилени прсти на дланките.

Цртеж бр.23



Кај ученикот со цртеж бр. 23 постојат изразени знаци на постоење агресивност. Тоа се гледа од следните индикатори: нагласени ноздри, големи уши, заби што се гледаат од

устата, прсти на стапалата, широки рамена. Едниот родител е вработен во приватен сектор, а другиот е невработен. Месечните примања во ова семејство се од 20 до 30.000,00 денари, а воспитниот стил кој е доминантен е авторитативниот воспитен стил.

Цртеж бр.24



Родителите на ученикот од цртеж со реден број 24 применуваат авторитативен воспитен стил при воспитувањето на ученикот. Постојат знаци на агресивност, како што се: долги раце, големи глави, искривени прекинати линии при цртање на човечките фигури, а недостасуваат и делови од телото (уши, нос и соодветен број на прсти на дланката). Таткото е вработен во приватен сектор, а за работниот статус на мајката немаме податоци. Месечните примања во ова семејство се од 20 до 30.000,00 денари.

Цртеж бр.25



Фокусот на цртежот со реден бр.25 ученикот го има ставено на неговото хоби, а тоа е фудбалот како спорт. Видливи знаци за постоење на агресивност не постојат. Едниот родител е вработен во приватен сектор, а другиот родител е вработен во државен сектор. Нивните месечни примања се над 30.000,00 денари, а воспитниот стил кој е доминантен и кој родителите го применуваат при воспитување на ученикот е авторитарниот воспитен стил.

Цртеж бр.26



Родителите на ученикот од цртежот со реден бр.26 го применуваат авторитативниот воспитен стил. Едниот родител е вработен во државен сектор, а другиот родител е вработен во приватен сектор. Нивните месечни примања се над 30.000,00 денари. Забележливи се знаци или индикатори кои укажуваат на постоење агресивност кај ученикот. Тие индикатори се огледаат во недостасување на делови од телото на човечките фигури, ликовите имаат празни очи, прекинати линии при цртањето на човековата фигура.

Табела 9: Преглед на присутно агресивно однесување кај ученици утврдено според цртеж

Случај: Реден број	**Работен статус и сектор на вработување на родителите/старателите**	**Месечни примања во семејството**	**Воспитен стил**	**Агресивно однесување кај ученикот според цртеж**
1	Вработени – приватен ектор	Над 30.000,00 ден.	Поустлив воспитен стил	Има знаци на агресивност
2.	Вработени – приватен сектор	Од 20.000,00 до 30.000,00 ден	Авторитарен воспитен стил	Има знаци на агресивност
3.	Вработени – приватен сектор	Од 15.000,00 до 20.000,00 ден.	Попустлив воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
4.	Вработени – приватен сектор	Над 30.000,00 ден.	Попустлив воспитен стил	Нема знаци на агресивно однесување
5.	Вработени – приватен сектор	0д 20.000,00 до 30.000,00 ден	Одбегнувачки воспитен стил	Нема знаци на агресивно однесување
6.	Вработени – приватен сектор	Од 20.000,00 до 30.0000,00 ден	Попустлив воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
7.	Татко вработен во државен сектор, мајка во приватен	Над 30.000,00 ден	Одбегнувачки воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
8.	Татко вработен во државен сектор, мајка во приватен	Над 30.000,00 ден.	Авторитарен воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
9.	Татко вработен во државен сектор, мајка невработена	Над 30.000,00 ден.	Попустлив воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување (дете со Даунов синдром)
10.	Вработени – приватен сектор	Над 30.000,00 ден.	Попустлив воспитен стил	Има знаци за агресивно однесување
11.	Вработени – приватен сектор	Над 30.000,00 ден.	Авторитарен воспитен стил	Има незабележителни знаци на агресивно однесување
12.	Вработени – приватен сектор	Над 30.000,00 ден.	Одбегнувачки воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
13.	Вработени – приватен сектор	Над 30.000,00 ден.	Одбегнувачки воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување и интровертност
14.	Вработени – приватен сектор	Над 30.000,00 ден.	Авторитативен воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
15.	Вработени во приватен сектор	Над 30.000,00 ден.	Авторитарен воспитен стил	Нема знаци на агресивно однесување

16.	Самохрана мајка – вработена во приватен сектор	Над 30.000,00 ден.	Попустлив воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
17.	Вработени – приватен сектор	Од 20.000,00 до 30.000,00 ден.	Одбегнувачки воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
18.	Татко вработен во државен сектор, мајка во приватен	Над 30.000,00 ден.	Одбегнувачки воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
19.	Вработени – приватен сектор	Над 30.000,00 ден.	Попустлив воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
20.	Вработени – приватен сектор	Над 30.000,00 ден.	Попустлив воспитен стил	Нема знаци на агресивно однесување
21.	Вработени – приватен сектор	Над 30.000,00 ден.	Попустлив воспитен стил	Нема знаци на агресивно однесување
22.	Вработени – приватен сектор	Од 20.000,00 до 30.000,00 ден	Одбегнувачки воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
23.	Таткото вработен во приватен сектор, мајката невработена	Од 20.000,00 до 30.000,00 ден.	Авторитативен воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
24.	Таткото вработен во приватен сектор, за мајката е непознато	Од 20.000,00 до 30.000,00 ден.	Авторитативен воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување
25.	Татко вработен во приватен сектор, мајка во државен сектор	Над 30.000,00 ден.	Авторитарен воспитен стил	Нема знаци на агресивно однесување
26	Татко вработен во државен сектор, мајката во приватен сектор	Над 30.000,00 ден.	Авторитативен воспитен стил	Има знаци на агресивно однесување

Табела 10: Знаци на агресивно однесување кај учениците – испитаници и воспитните стилови на родителот/старателот

Знаци на агресивност според цртеж и вид на воспитен стил	**Има**	**Нема**	**Вкупно:**
Попустлив	**7**	**3**	**10**
Авторитарен	**3**	**2**	**5**
Авторитативен	**4**	**0**	**4**
Одбегнувачки	**6**	**1**	**7**
Вкупно:	**17**	**9**	**26**

ДОКАЖУВАЊЕ НА ХИПОТЕЗИ

Од табелата 1 и 2 погоре, може да се извлечат следните заклучоци, врз основа на кои ќе можеме да ги потврдиме или отфрлиме поставените хипотези:

1. Според анализата на цртежите на учениците опфатени со истражувањето, кои имаа задача да го нацртаат своето семејство од едната страна на листот, а од другата да издвојат само еден член од нивното семејство, а врз основа на показатели кои укажуваат дали има или нема знаци на агресивно однесување кај истите, забележан е загрижувачки податок, односно од 26 испитаници, кај 17 од нив или 65,4% се забележани знаци за агресивно однесување.

2. Споредено со примената на воспитниот стил од страна на родителот/старателот, најголем број на агресивно однесување има кај оние ученици каде во семејството доминира попустливиот воспитен стил, потоа следува одбегнувачкиот, па авторитативниот, а најмалку има кај авторитарниот воспитен стил.

3. Од добиените податоци кои се однесуваат на социо-економскиот статус на родителот/старателот, не може да се дојде до заклучок кој ќе ни укаже дали овој индикатор има влијание врз агресивното однесување кај учениците опфатени со истражувањето. Тоа е така бидејќи над 90% од семејствата на учениците се вработени во приватен сектор и имаат месечни примања од над 30.000,00 денари.

Значи, поставените хипотези – главната и двете посебни, според добиените податоци од истражувањето можеме делумно да ги потврдиме, односно:

- Главната хипотеза можеме во целост да ја потврдиме, а тоа е дека условите и воспитниот стил имаат влијание врз агресивноста кај учениците. Кога зборуваме за услови, пред сè мислиме на бројот на членови во семејството, дали е повеќегенерациско или е нуклеарно, што можевме да го утврдиме од цртежите на учениците кои ни послужија како истражувачки примерок. Во однос на видот на воспитен стил, согласно обележјата кои го карактеризираат секој од нив, јасно се гледа дека воспитниот стил кој се применува како доминантен во семејството има огромно влијание врз појавата на агресивно однесување кај учениците.

- Првата посебна хипотеза не можеме да ја потврдиме според добиените податоци, односно ќе кажеме дека социо-економскиот статус на семејството нема влијание врз агресивноста кај учениците.
- Примената на воспитниот стил во семејството има влијание врз појава на агресивност кај учениците, поточно од добиените податоци можеме да ја потврдиме втората поставена посебна хипотеза.

ЗАКЛУЧОК

„Има неколку ученици кои ме исмејуваат од чиста мира, а јас веднаш им возвраќам, но не се чувствувам подобро. Јас на нив, барем така мислам, никогаш ништо им немам направено поради што би требало да ме мразат. А сега од мене направија и насилник. Не гледам излез од ова. Понекогаш мислам зошто сум дошол на свет поради тоа да ми се исмејуваат сите. Ако некој има нешто против мене, јас тоа ќе го поправам.“ Ова е писмо од ученик во четврто одделение кој го напишал и го предал на својата наставничка.

Од зборовите на овој ученик, кој е жртва на насилно однесување од страна на неговите врсници, може да се забележи како тој се чувствува и какво влијание има таквото однесување врз неговата психичка состојба.

Сè потекнува од семејството и тоа е клуч за сè. Насилните ученици многу почесто доаѓаат од дисфункционални семејства, така што нема врска дали родителите се доктори или професори, важно е колкаво внимание му посветиле на своето дете и колку го познаваат. Да се биде родител и добар воспитувач на детето не е вродена способност. Всушност, родителот се раѓа истовремено со детето, а воспитувањето значи заедничко одење и заедничко растење. Оние родители кои ќе го сфатат тоа, ќе можат да ја почитуваат единственоста на своето дете, што од друга страна значи дека ќе го заштитат од напади на агресивност. Значи, за развој на детето и неговата личност неопходно е сигурно опкружување во кое ќе нема злоставување, занемарување, физички или кој било

друг облик на деградирање на неговата личност. Децата имаат право на растење во средина без насилство, а обврска на возрасните е да создадат услови, да им овозможат и обезбедат во најголема можна мера на секое дете правилен раст и развој.

Агресивно однесување често се гледа кај деца чии родители немаат доволно време за нив, кои се презафатени со својата работа, кариера, стекнување пари или општествена позиција. Со други зборови, тие се недоволно емотивно заинтересирани за детето и детето тоа така го доживува. Вообичаено е ваквите родители да се лутат на своето дете, кое и покрај подароците кои ги добива, сепак недолично се однесува, ги засрамува, а родителите не се запрашуваат зошто детето така се однесува, дали нешто го мачи, дали е среќно? Наместо тоа, тие го навредуваат, казнуваат, тепаат, или што е најлошо, почнуваат да му покажуваат дека од него ништо подобро не очекуваат и дека не веруваат во неговата промена. На тој начин му ја ускратуваат љубовта, довербата, разбирањето и несвесно го туркаат на погрешен пат. Ваквиот начин на постапување спрема децата е забележлив кај родителите кои применуваат попустлив и/или одбегнувачки воспитен стил. Од самото истражување кое го спроведовме со цел да ги потврдиме поставените хипотези, всушност се потврдија тврдењата во однос на тоа дека воспитниот стил има влијание врз агресивноста кај учениците од основните училишта.

Кога зборуваме за социо-емоционален статус во семејството, генерално мислиме на повеќе елементи, како на пример: финансиска состојба на семејството, работен статус на родителите, месечни примања и сектор на вработување, степен на образование на родителите, како и самата емоционална свесност на родителите за значењето за тоа како го практикуваат родителството, колку време и внимание му посветуваат на ученикот-нивното дете, колку од тоа време е квалитетно поминато, какви содржини се дискутираат со и пред детето, како се однесуваат возрасните членови од семејството пред детето итн.

Училиштата стануваат сè повеќе образовни, а сè помалку воспитни установи. Од друга страна, училиштето е погодно место за насилство поради мноштвото интеракции, притисоци, натпревари, стрес, а потоа и отсуство на волја, мотивација и линија на помал отпор од страната на одговорните во училиштето.

Скала за проценка на воспитни стилови

Извор: ПЕГАЗУС „Центар за развој на човечките потенцијали“ – Нови Сад, www.pegazus-centar.rs

Област на проценка: Вид на воспитен стил кој го применуваат родителите спрема деца од училишна возраст, а кој има влијание врз појава на агресивност кај учениците.

Намена: Скалата за проценка на воспитни стилови кои ги применуваат родителите како начин на нивно воспитување на децата од училишна возраст е наменета за проценка кој од четирите воспитни стилови ги применуваат родителите и какво влијание имаат тие врз однесувањето на учениците, односно кој воспитен стил има најголемо влијание за појава на агресивно однесување кај учениците. Добиените резултати можат да ни послужат за понатамошна дискусија, а и за потврдување или отфрлање на поставените хипотези во истражувањето на магистерската теза.

Опис и упатство: Скалата се состои од 34 ајтеми, и спаѓа во самоописни техники. На родителите ќе им биде лесно да ги препознаат своите начини на постапување со децата кои сакаат да ги искажат и со тоа да се идентификува нивниот воспитен стил. Временската рамка не треба да биде пократка од последниот месец, а тоа е важно да се нагласи во упатството кое им се дава на родителите. Значајно е на испитаниците да им се нагласи зошто ја пополнуваат скалата и за која цел ќе се користат резултатите.

Почитувани родители,

Внимателно прочитајте ја секоја изјава подолу. Ве замолуваме да оцените колку често ги практикувате наведените постапки. Одговорите се рангирани на шестостепена скала.

1. Реагирам на чувствата и потребите на своето дете.
   1 2 3 4 5 6

2. Кога ме прашува детето зошто мора нешто да направи, му одговарам тоа е така затоа што јас кажувам, бидејќи сум родител, или дека тоа е така затоа што јас сакам.
   1 2 3 4 5 6

3. Ги земам предвид желбите на своите деца пред да го замолам нешто да направи.
   1 2 3 4 5 6

4. Го казнувам своето дете одземајќи му нешто што сака.
   1 2 3 4 5 6

5. Му објаснувам на своето дете како се чувствувам во однос на неговото добро/лошо однесување.
   1 2 3 4 5 6

6. Викам кога не го одобрувам однесувањето на своето дете.
   1 2 3 4 5 6

7. Тешко ми е да го дисциплинирам своето дете.
   1 2 3 4 5 6

8. Се трудам да не се вплеткувам во животот на детето.
   1 2 3 4 5 6

9. Го охрабрувам своето дете да зборува за чувствата и проблемите.
   1 2 3 4 5 6

10. „Полудувам“ од бес на своето дете.
    1 2 3 4 5 6

11. Го охрабрувам своето дете слободно да зборува, иако не се сложува со мене.
    1 2 3 4 5 6

12. Го удирам своето дете кога не ми се допаѓа што кажало или направило.
    1 2 3 4 5 6

13. Правам/сработувам нешто наместо своето дете кога тоа се чувствува непријатно за да го направи тоа сам/а.
    1 2 3 4 5 6

14. Од детето ништо не очекувам.
    1 2 3 4 5 6

15. На своето дете му давам објаснувања за своите очекувања.
    1 2 3 4 5 6

16. Го критикувам своето дете кога сакам да го коригирам неговото однесување.
    1 2 3 4 5 6

17. Кога моето дете е вознемирено, му пружам утеха и разбирање.
    1 2 3 4 5 6

18. Користам закани како вид на казнување.
    1 2 3 4 5 6

19. Го пофалувам своето дете.
    1 2 3 4 5 6

20. Го казнувам своето дете со ускратување на нежноста.
    1 2 3 4 5 6

21. Му попуштам на своето дете.
    1 2 3 4 5 6

22. Разговарам со детето само за одлучување на основни работи (храна, пари, доколку се жали на болка/болест).
    1 2 3 4 5 6

23. Го земам предвид она што моето дете сака да го работи кога го планирам семејното патување.
    1 2 3 4 5 6

24. Отворено го критикувам своето дете кога нема да ги исполни моите очекувања.
    1 2 3 4 5 6

25. Го почитувам мислењето на своето дете и го охрабрувам да го искажува.
    1 2 3 4 5 6

26. Се случува да се трудам да го променам мислењето и чувствата на моето дете.

1 2 3 4 5 6

27. Го третирам своето дете како рамноправен член во семејството.
    1 2 3 4 5 6

28. Чувствувам потреба да го потсетувам своето дете на неговото претходно лошо однесување, за да не се повтори таквото однесување.
    1 2 3 4 5 6

29. Го игнорирам лошото однесување на детето.
    1 2 3 4 5 6

30. Не чувствувам потреба да бидам нежен/а спрема своето дете.
    1 2 3 4 5 6

31. Му објаснувам на своето дете што од него очекувам.
    1 2 3 4 5 6

32. Го потсетувам своето дете дека јас сум негов родител.
    1 2 3 4 5 6

33. Со своето дете поминувам топли и интимни моменти.
    1 2 3 4 5 6

34. Го потсетувам своето дете на се што сум направил и правам за него.
    1 2 3 4 5 6

Користена литература

1. Aluede, O. (2006) Bullying in Schools: Aform of Child abuse in schools. Educational Research Quarterly, 30, 31 – 39
2. Алан, Л.Б. (2003) Учионица без насилништва. Београд: Креативни центар
3. Balrdry, C.A. (2003). Bullying in schools and exposure to domestic violenc. Child Abuse Neglect, 27, 713 – 732
4. Berger, J. (2004) Psihodijagnostika, Metod procjene licnosti I ponasanje, Zavod za udjbenike I nastavna sredstva, Beograd
5. Brunstein Klomek, A., Marrocco, F., Kleinman, M., Schonfeld, I. S. & Gould, M. S. (2007) Bullying, depression, and suicidality in adolescents. Journal of the American Academy of Child and Adolescent, 40-49.
6. Bond, L., Carlin, J. B., Thomas, L., Ruin, K. & Patton, G. (2001). Does bullying cause emotional problems? A prospective study of young teenagers. British Medical Journal, 323, 480-484.
7. Bogojević, S. (2002) *Stilovi vaspitanja*. Banja Luka: Filozofski fakultet.
8. Вукоје, Ј. (2010) Асоцијално понашање младих, Паневропски универзитет Апеирон, Бања Лука
9. Вукоје, Ј. (2011) Основне функције савремене породице, Независни универзитет, Бања Лука
10. Garrity, C., Jens, K., Porter, W., Sager, N., Short-Camilli, C. (2001) Bully-proofing your school: A somprehensive approach for elementary schools (2nd Ed.). Longmont, Co: Sporis West Educational Servicer
11. Гашић – Павишић, С. (2004) Мере и програми за превенцију насиља у школи, Зборник института за педагошка истраживања, Београд: Институт за педагошка истраживања, 36, 168 - 188
12. Генч, Л. (1988) Васпитни поступци родитеља и развој неприфатливог понашања, Педагогија, 3, 233 - 245

13. Dodge, K. A. (1980) Social cognition and childrens aggressive behavior. Child Development, 51, 162 - 170
14. Drake, J. (2003) Teacher preparation and practices regarding school bullying. Journal of School Health, 12, 347 – 356
15. Dake, J. A., Price, J. H. & Telljohann, S. K. (2003) The nature and extent of bullying at school. Journal of School Health, 73 (5), 173-80.
16. Due, P., Holstein, B. E., Lynch, J., Diderichsen, F., Gabhain, S. N., Scheidt, P. & Currie, C., Health Behaviour in School-Aged Children Bullying Working Group (2005) Bullying and symptoms among school-aged children: International comparative cross sectional study in 28 countries. European Journal of Public Health, 15, 128-132.
17. Живковић, Ж. (2006) Агресивност код дјеце, Јаково: Темпо
18. Запирање на насилството во училиштата (2010). Упатство за наставници, Зеднички проект на Обединети нации и УНИЦЕФ, финансиран од Холандската влада
19. Институт за педагошка истраживања: Научни скуп са међународним учешћем (2006) Сарадња школе и породице, Студентски културни центар, Београд
20. Jankauskiene, R., Kardelis, K., Sukys, S., Kardeliene, L. (2008). Associations between school bullying and pshychosocial factors. Social and Personality, 36, 145 – 162
21. Jambori, S. (2004) Parenting styles, aims, attitudes, and future orientation of adolescents and young adults., str. 131.
22. Јовановић, Б. И Николић, Р. (2003) Школска и породична педагогија – практикум. Учитељски факултет у Јагодини, Јагодина.
23. Јовановић, Б. Прир. (1998) Породично васпитање, изабрани текстови. Учитељски факултет у Јагодини, Јагодина.
24. Košiček, M. (1990) Antiroditelji. „Svjetlost“, OOUR Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Sarajevo, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd.
25. Košiček, M. I Košiček, T. (1965) I vaše dijete je ličnost. Panorama, Zagreb.

26. Коцопељић, Ј., Пекић, Ј., Генц. А. (2008) Релације између васпитних ставова родитеља и ауторитарности деце. Педагошка стварност, 9-10, 1027 – 1038
27. Лацковић-Гргин, К. (1982) Родитељски стил васпитања и социјално понашање ученика. Зборник ИПИ, бр. 15, Београд.
28. Лоренц, К. (1970) О агресивности. Београд: Вук Караџић
29. Matejević, M. (2007) Vrednosne orijentacije i vaspitni stil roditelja. Univerzitet u Nišu, Filozofski fakultet, Niš.
30. Mihaly Szentmartoni (1962) Агресивност и њезини одрази у одгоју. Папинско училиште Грегориана у Риму, Рим, Италија, 627 – 636.
31. Маја, Г.М. (2009) Благосостојбата на децата и младите во време на економска криза, Канцеларија на УНИЦЕФ, Скопје.
32. Orpinas, P. & Frankowski, R. (2001) The Aggression Scale: A self-report measure of aggressive behavior for young adolescents. Journal of Early Adolescence, 21, 50–67.
33. Плут, Д., Попадић, Д. (2007) Реаговање деце и одраслих на школско насиље. Зборник института за педагошка истраживања, 2, 347 – 366
34. Прирачни за намалување на насилство во училиштата од Советот на Европа (2006) Преведен текст на македонски и албански јазик со финансиска поддршка од УНИЦЕФ
35. Сузич, Н. (2006) Циљне орјентације у понашању ученика. Педагошка стварност 7-8, Нови Сад, 525 – 540
36. Училиште по мерка на детето, експертска група МОН и УНИЦЕФ, (2006).
37. Connor, D.F. (2002) Aggression, antisocial behavior in children and adolescents. New York: Guilford Press
38. Craig, W. M., Pepler, D., & Atlas, R. (2000) Observations of bullying in the playground and in classroom. School Psychology International, 21, 22-36.
39. www.pravo.org.mk
40. http://www.unicef.org/magic/media/documents/CRC_macedonian_language_version.pdf

41. www.dijaski.net/get/psi_ref_agresija_04__predstavitev.ppt
42. www.roditeljstvo.com/vijesti/**agresivnost**-kod-djece, 08.11.2013
43. www.pedagog.rs/s/stavovinastavnika.php
44. www.unipu.hr/uploads/media/uc_odgpp_9_**ponasanje_ucenika**.ppt
45. http://www.pedagog.rs/s/stavovinastavnika, 31.05.2005
46. http://mojterapeut.net/agresivnost-dece-adolescenata Февруари 24, 2015
47. http://www.stetoskop.info/Agresija-i-agresivnost
48. http://www.prudencija.hr/index.php/duhovnost/22-meuljudski-odnosi-u-obitelji
49. http://www.lazalazarevic.rs/index.php/info-kutak/teme-iz-psihologije-sociologije-i-defektologije/479-vaspitni-stilovi-roditelja
50. http://www.skole.hr/odgojni-stilovi-u-roditeljstvu